# Промовирање на мултистејкхолдерски пристап во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам

*Сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија*



Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Објавено од страна на Одделението за мониторинг на Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2019).

Оригиналниот извештај е на англиски јазик.

Сите права се задржани. Без претходна пишана согласност на издавачите ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, зачувува во систем за пребарување или да се пренесува во било каква форма или на било каков начин – електронски, механички, преку фотокопирање, снимање или на друг начин. Ова ограничување не важи кога публикацијата се користи во рамките на ОБСЕ, за лична или образовна употреба, односно за непрофитни и некомерцијални цели, при што во овие случаи публикацијата може да се репродуцира и од истата може да се прават дигитални или печатени копии, но само доколку копиите се проследени со потврда дека ОБСЕ е нивниот извор.

Мисија на ОБСЕ во Скопје
Булевар 8-ми септември, бр. 16, МК-1000 Скопје
osce.org/skopje
ISBN 978-608-4788-49-2

Материјалите во оваа публикација се за да се олесни разбирањето на истата. Иако Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше таа што најмногу посвети внимание за нејзиниот развој, истата не прифаќа било каква одговорност за точноста или целовитоста на информациите, насоките и дадените совети или пак за можните печатни грешки.  Содржината на оваа публикација, погледите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците што се искажани во неа не ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради тоа, не може да се бара било каква одговорност од ОБСЕ во поглед на можните последици од следењето, односно примената на информации и заклучоци содржани во оваа публикација.

ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# Промовирање на мултистејкхолдерски пристап во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам

*Сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија*

**Автори:**
Алуш Дода
Марина Мклелан

**Дизајн и печатење:**
Полиестердеј

**Тираж:**
100 примерока

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

316.647.7(497.7-21)(062)(047)
316.647.7:352(497.7)(062)(047)

МКЛЕЛАН, Марина
Промовирање на мултистејкхолдерски пристап во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам : сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија / [Марина Мклелан и Алуш Дода ; преведувач Ацо Христовски]. - Скопје : ОБСЕ, 2020. - 96 стр. ; 25 см

Наслов на оригиналот: Promoting a multi-stakeholder approach to preventing and countering violent extremism and radicalization that lead to terrorism : summary report of roundtable discussions on the National strategy for countering violent extremism in the Republic of North Macedonia

ISBN 978-608-4788-49-2

1. Дода, Алуш [автор]
а) Насилен екстремизам - Спречување - Локална заедница - Македонија - Собири - Извештаи б) Насилен екстремизам - Спречување - Локална самоуправа - Македонија - Собири - Извештаи

COBISS.MK-ID 51407109

# Содржина

Акроними и скратеници 6
Поимник 7
**1. Вовед 13**
**2. Методологија на тркалезните маси со локалните стејкхолдери 21**
**3. Наоди 29**
3.1. Насилниот екстремизам во локален контекст 29
3.2. Зајакнување на граѓанското општество и споделување на најдобри практики 31
3.3. Ангажман помеѓу општината и заедницата 33
3.4. Градење доверба помеѓу заедниците и органите задолжени за спроведување на законот 35
3.5. Улогата на заедниците во процесот на спречување на насилен екстремизам 37
3.6. Образование и поддржување на младите кои се изложени на ризик 40
3.7. Социјална заштита и ментално здравје 43
**4. Заклучоци и препораки 47**
4.1. Капацитети за сеопфатен општествен пристап кон С/СНЕРВТ 47
4.1.1. Адекватно обучен кадар 47
4.1.2. Инфраструктура 49
4.1.3. Финансии 50
4.2. Меѓуагенциска соработка 51
4.3. Координација помеѓу централните и локалните власти 52
**5. Најдобри практики што се препорачуваат во процесот на правење програми од областа на С/СНЕРВТ 57**
**6. Библиографија 63**
АНЕКС I: ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА ЧАИР (26 ноември 2018 година) 64
АНЕКС II: ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА ГОСТИВАР (21 ноември 2018 година) 71
АНЕКС III: ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО (3 декември 2018 година) 77
АНЕКС IV: ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА СТРУГА (5 декември 2018 година) 84
АНЕКС V: ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО (19 ноември 2018 година) 90

# Признанија:

Мисијата на ОБСЕ во Скопје би сакала да се заблагодари на членовите на Мисијата, Алуш Дода и Марина Меклелан, за заедничкото развивање и изготвување на содржината на оваа публикација, како и за дизајнирањето, развивањето и спроведувањето на активностите што доведоа до нејзина компилација.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје исто така би сакала да се заблагодари на нашите партнери Борче Петревски, национален координатор за спротивставување на насилен екстремизам и тероризам; Џеладин Ајвази, заменик национален координатор за спротивставување на насилен екстремизам; Златко Апостоловски, заменик национален координатор за спротивставување на тероризам; Марија Михајлоска–Јанкуловска, национален комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам; нашиот партнер задолжен за имплементација - Центарот за истражување и креирање политики, а особено Марија Ристеска, Иван Стефановски и Александар Цеков, како и Петар Арсовски.

Би сакале да ја изразиме нашата благодарност на учесниците на тркалезните маси за нивниот придонес и соработка, како и да додадеме специјално признание на Одделението за мониторинг на Мисијата на ОБСЕ во Скопје за нивната поддршка.

# Скратеници

| | |
|---|---|
| **КОЗ** | Комитет за односи меѓу заедниците |
| **ЦИКП** | Центар за истражување и креирање на политики |
| **ОГО** | Организација на граѓанското општество |
| **КТ** | Контратероризам |
| **СНЕ** | Спротивставување на насилен екстремизам |
| **СТБ** | Странски терористички борец |
| **ИКТ** | Информатичка и комуникациска технологија |
| **МОМ** | Меѓународна организација за миграција |
| **ИВЗ** | Исламска верска заедница |
| **ЛСП** | Локален совет за превенција |
| **МПЦ** | Македонска православна црква |
| **НКСНЕКТ** | Национален комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **С/СНЕРВТ** | Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам |
| **УНИЦЕФ** | Фонд на Обединетите нации за деца |
| **НЕРВТ** | Насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам |

# Поимник

Овој поимник служи за појаснување на клучните термини што се употребени во овој Извештај. Дефинициите се наменети само за овој Извештај и истите не претставуваат официјални дефиниции на ОБСЕ.[1]

**Заедница** – жени, мажи, социјални групи и институции што се засновани во една иста област и/или имаат заеднички интереси.

**Граѓанско општество** – тело составено од различни граѓански актери, заедници и формални или неформални здруженија со широк спектар на улоги, кои се вклучени во јавниот живот и сакаат да ги унапредат заедничките вредности и цели.

**Актери на граѓанското општество** – клучни претставници на заедницата, вклучувајќи жени, млади, лидери на заедницата и верски лидери, кои се добро поставени за да можат да обезбедат влијателни и долготрајни придонеси за благосостојбата на едно општество.

**Полициско работење во заедницата** – филозофија и организациска стратегија со која се промовираат партнерствата помеѓу полициските сили и јавноста за да се зајакне ефективната и ефикасна идентификација, превенција и решавање на проблемите од сферата на криминалот, а, исто така, и да се адресираат проблемите што се однесуваат на физичката сигурност и безбедност, општествениот неред и криминал на ниво на локалната заедница, во насока на подобрување на квалитетот на животот на сите.

**Спротивставување на насилен екстремизам** – проактивни активности за спротивставување на напорите на насилните екстремисти да радикализираат, регрутираат и мобилизираат следбеници за да ги вклучат во насилни акти, како и активности за справување со специфични фактори кои олеснуваат и овозможуваат регрутирање и радикализирање на насилни екстремисти кон насилство.

**Контратероризам** – политики, закони и стратегии креирани од страна на државни актери и спроведувани, првенствено, од страна на органите задолжени за спроведување на законот, разузнавачките агенции, а понекогаш и војската, со цел спречување на терористички заговори и растурање на терористички организации.

1 За повеќе во врска со терминологијата за С/СНЕРВТ види го водичот на ОБСЕ „Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Совладување на предизвиците и заштита на човековите права: Водич за Југоисточна Европа“, достапно на: https://www.osce.org/secretariat/418274?download=true

**„Странски терористички борци“** – обично се користи за осврнување кон лица кои патувале од нивните сопствени држави во други држави со цел да учествуваат или да поддржат акти на тероризам, вклучително и во контекст на вооружен конфликт, особено во поглед на Ирак и Сирија, како што е наведено во Резолуцијата бр. 2178 на Советот за безбедност на Обединетите нации (2014 година). Терминот се оспорува поради неговата прешироко сеопфатност, нејасност и прашања поврзани со човековите права.

**Поранешни насилни екстремисти или „поранешни припадници“** – се лица кои се оттргнале од патот кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а истите можат да имаат корисна улога со тоа што би можеле да ја подигнат свеста и да пренесат веродостојни контранаративи.

**Родова перспектива** – претставува свест за различните потреби, искуства и статусот на жените и мажите, односно нивното разгледување врз основа на социокултурниот контекст.

**Програми за интервенции** – програми со кои се настојува да се намали привлечноста на насилниот екстремизам и да се изгради отпорност кон неговото влијание и ширење. Видовите на програми кои можат да спаѓаат во оваа категорија се: подигање на свеста за заканите од насилниот екстремизам во училиштата, кампањи за информирање на јавноста и дебати во заедницата, дијалози во рамките на една верска организација и повеќе различни верски организации, градење на капацитети за наставници и лидери на заедници во насока на идентификување и поддржување на лица подложни на радикализација, медиумски пораки и контра/алтернативни наративни кампањи, како и јакнење на довербата на заедницата кон органите задолжени за спроведување на законот, итн.

**Програми за превенција** – програми со кои се настојува да се намали привлечноста на насилниот екстремизам и да се изгради отпорност кон неговото влијание и ширење. Видовите на програми кои можат да спаѓаат во оваа категорија се: подигање на свеста за заканите од насилниот екстремизам во училиштата, кампањи за информирање на јавноста и дебати во заедницата, дијалози во рамките на една верска организација и повеќе различни верски организации, градење на капацитети за наставници и лидери на заедници во насока на идентификување и поддржување на лица подложни на радикализација, медиумски пораки и контра/алтернативни наративни кампањи, како и јакнење на довербата на заедницата кон органите задолжени за спроведување на законот, итн.

**Заштитни фактори** – се позитивни карактеристики или услови со кои можат да се ублажат негативните ефекти од факторите на ризик и да се поттикне развој на поздрави поединци, семејства и заедници, со што би се зголемила личната безбедност и/или безбедноста на заедницата, како и благосостојбата. Овие фактори можат да вклучуваат управување со очекувања, позитивни семејни или општествени мрежи, верски познавања, образование што нè учи на толеранција и почит кон другите, како и почесен пазар на трудот.

**Радикализација која води кон тероризам** – претставува динамичен процес во кој едно лице го прифаќа терористичкото насилство како возможно, па дури и како легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува како нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување.

**Програми за рехабилитација** – се програми со кои во различни фази на радикализација се таргетираат лица кои се радикализирани кон насилство, а истите можат да се применуваат и во однос на семејствата на таквите лица. Видовите на програми како што вклучуваат затворска дерадикализација/откажување (од таквата активност), така вклучуваат и посткриминални програми за згрижување што се фокусираат на рехабилитација и реинтеграција на сторителите на терористички акти, како и на враќање на странските борци и нивна повторна интеграција во општеството. Некои програми овозможуваат образовна и стручна обука, советување, можности за вработување и идеолошко превоспитување, итн.

**Упатени лица** – вклучуваат лица кои се упатени во програми спроведувани од повеќе агенции или повеќе фактори, а лица кои покажуваат видливи бихевиорални знаци што укажуваат дека тие можат да бидат подложни на ризик или ранливи и склони кон вклучување во насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или, пак, се на пат кон истиот. Таквите програми, во кои лицата се упатуваат, можат да се однесуваат и на агенција, институција, организација или стручни лица кои интервенираат или даваат друга поддршка, а по спроведена стручна процена на ризиците, слабостите и заштитните фактори на лицето кое е предмет на таква програма.

**Механизам за упатување** – претставува формален или неформален механизам што вклучува практичари и стручни лица од различни дисциплини и/или агенции и организации, а кој има за цел да идентификува, да оцени, да помогне и да третира ранливи лица кои покажуваат знаци дека се подложни на ризик од вклучување во насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или, пак, се на пат кон истиот.

**Отпорност** – способност да се издржи, да се одговори на широк спектар на штетни и несакани настани, како и способност за закрепнување од такви настани.

**Процена на ризик** – претставува процес што вклучува систематско прибирање и толкување на информации кои се однесуваат на едно лице во насока на обезбедување на податоци наменети за соодветно обучени стручни лица со цел тие да можат да донесат одлуки релевантни за веројатноста дека таквото лице би се вклучило во штетно и опасно дејство, како и да ја оценат природата и степенот на самата штета и опасност од таквото можно дејство.

**Алатка за процена на ризик** – претставува рамка за прибирање на податоци со цел да се помогне во носењето на одлуки, при што со истата се обезбедува недискриминациски метод на проверка, на структуриран начин, на склоноста на едно лице да предизвика

штета и опасност, како и на природата и на степенот на таквиот ризик, врз основа на достапните информации прибавени од повеќе извори.

**Фактор на ризик** – секој атрибут како што е верување, изглед, искуство или средина што ја зголемува веројатноста дека исходот што се проценува (на пример: дека едно лице ќе се вклучи во насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам) ќе се случи.

**Сеопфатен пристап на целото општество** – пристап во насока на спречување и спротивставување на насилен екстремизам поддржан и осмислен од страна на креаторите на политики и практичарите, а со истиот се предвидува повеќе сектори и актери на граѓанското општество да имаат улога во програмите за спречување и интервенирање, како и во рехабилитационите програми за дерадикализација/повлекување.



# 1. ВОВЕД

Ширењето на насилниот екстремизам продолжува да претставува сериозен глобален предизвик и ОБСЕ, преку својот сеопфатен пристап кон безбедноста, осигурувајќи се дека човековите права и владеењето на правото се почитуваат, се залага да ја спречи таквата појава, односно да се спротивстави на истата. Брзото ширење на ДАЕШ/ИСИС во Ирак и Сирија резултираше во тоа стотици странски терористички борци да го напуштат Западен Балкан со цел да ја поддржат нивната кауза, вклучувајќи и околу 110 граѓани од Република Северна Македонија, за кои се оценува дека заминале, а која цифра може да биде и уште повисока со оглед на фактот дека не постојат понови официјални податоци за тоа.[2] Во периодот по 2017 година, растурањето на многу безбедни засолништа на ДАЕШ создаде нова серија на предизвици поради приливот на странски терористички борци кои се враќаа назад во регионот.

Во исто време, заканата од насилен екстремизам продолжува да се развива со нови форми што се појавуваат – како што се крајно десничарските движења и екстремниот национализам – што дополнително ги поларизираат општествата и можат да доведат до насилство кое се темели во рамките на самата заедница. Декларацијата 4/15 на Министерскиот Совет на ОБСЕ потврдува дека тероризмот и насилниот екстремизам не може да поврзе со раса, етничка припадност, националност или религија.

Нашироко е прифатено дека насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ) претставува сложен проблем со транснационални димензии при што неговите двигатели и решенија се тесно поврзани со контекстот во кој тој постои. Покрај тоа што националните влади играат клучна улога во координирањето и поддржувањето на активностите за рана превенција, ОБСЕ, исто така, ја признава и потребата од ставање на локалните фактори во првите слоеви на превентивните напори што се прават.[3]

## *Важноста од еден мултистејкхолдерски пристап кон спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам*

Во согласност со воспоставените најдобри практики од страна на ОБСЕ, за спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам потребно е да

2 The Republic of North Macedonia's National Strategy on Countering Violent Extremism quotes information gathered in 2016 that puts the number of foreign terrorist fighters to have left the country at 110. See page 16 of the National Strategy for CVE, accessible here: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/cve_national_strategy_eng_translation_sbu.pdf

3 Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Осврнување кон Југоисточна Европа, Август 2018 https://www.osce.org/files/f/documents/5/a/424892.pdf

се има холистички пристап со тоа што во активностите на различни институции и организациите на граѓанското општество ќе се вклучат и локалните заедници. Јавно здравствениот пристап, што се користи за креирање на превентивни програми, особено нуди можности за практичарите да можат да ги применат веќе научените лекции од областа на превенцијата на болести во насока на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Тие, преку преземање на мултистејкхолдерски иницијативи, таквите лекции можат да ги применат со цел  идентификување на факторите на ризик и заштитните фактори, градење на отпорност кај заедницата против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и промовирање на здрави однесувања кај нејзините членови преку вклучување на самата заедница.

Предноста на таквите мултистејкхолдерски практики е во тоа што кога тие се комбинираат со напори предводени од заедницата со цел спречување на насилен екстремизам со нив можат да се вклучат широк обем на социјални работници, работници од областа на менталното здравје, психолози и други здравствени работници кои сè повеќе се вклучуваат во напорите за намалување на насилството во заедниците.[4]

Слика број 1. Модел на јавното здравство за С/СНЕРВТ




Извор: Јонатан Шалгрен и други..., Спротивставување на насилен екстремизам: Применување на јавно здравствениот модел, -прво издание. (Универзитет Џорџтаун, Центар за безбедносни студии, Работна група за клучни прашања од областа на националната безбедност, 2016 година), http://georgetownsecuritystudiesreview.org/wp-content/uploads/2016/10/NSCITF-Report-on-Countering-Violent-Extremism.pdf. Терминологијата употребена во оваа слика не мора да соодветствува со таа на ОБСЕ.

4 Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Совладување на предизвиците и заштита на човековите права Водич за Југоисточна Европа https://www.osce.org/files/f/documents/8/0/424439.pdf

Преку примена на сеопфатен општествен пристап и преку адресирање на факторите што водат кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам можат да се препознаат општествените корени на феноменот на насилен екстремизам и да се овозможуваат рани интервенции и неприсилни решенија кога постојат случаи на поединци или заедници што се изложени на ризик.[5] За идентификување на одржливи решенија за создавање отпорност кон насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам потребно е, исто така, да се премине од претходно употребуваните пристапи, во кои на прво место акцентот се става на безбедноста, кон пристапи во кои поголемо значење се придава на превенцијата базирана во рамките на самите заедници. Поради тоа, со напорите за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се настојува да се мобилизираат и зајакнат факторите кои традиционално не се поврзуваат со националната безбедност.[6]

За разлика од борбата против тероризмот, во која се користи репресивен пристап во криминалниот простор при справувањето со терористички активности, активностите од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се неприсилни по природа и се фокусираат на спречување и спротивставување на процесите на радикализација кои можат да доведат до тероризам. Бидејќи напорите што се прават на полето на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се преземаат во прет кривичниот простор, тие не вклучуваат гонења, апсења или други репресивни мерки.[7] Според тоа, активностите од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам немаат за цел да ги достигнат поединците кои веќе имаат преминато во криминалното подрачје, односно кои планирале или преземале терористичка активност, туку тие се насочени кон создавање на отпорност кај заедниците што се сметаат за потенцијално ранливи на привлечноста на насилниот екстремизам и да помогнат на одредени поединци кои се подготвени да се оддалечат од таквиот екстремизам и да се реинтегрираат во нивните заедници.

Активностите од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се фокусираат на решавање и намалување на незадоволствата и структурните социјални, економски и политички услови што можат да водат кон насилен екстремизам. Насилните екстремисти често работат кон поттикнување на индивидуалната и колективна омраза и промовираат

---

5 ОБСЕ, Спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ., Петер Њуман, 28 септември 2017 година, достапно на: https://www.osce.org/chairmanship/346841?download=true.

6 ОБСЕ, Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Осврнување на Југоисточна Европа, август 2018 година, достапно на: https://www.osce.org/secretariat/400241?download=true

7 ОБСЕ, Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Осврнување на Југоисточна Европа, август 2018 година, достапно на: https://www.osce.org/secretariat/400241?download=true

нетолеранција кон различноста и создаваат општествени поделби. Поради тоа, поддржувањето на развојот на отпорни и општествено-кохезивни заедници може да претставува најдобрата одбрана од вкоренување на насилниот екстремизам во заедниците. Со заедничко работење, заедниците можат да се спротивстават на корозивната привлечност на насилниот екстремизам преку промовирање на толеранција, взаемно почитување, плурализам, инклузија и кохезија. На крајот, напорите што се прават на полето на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам треба да се фокусираат на благосостојбата и сигурноста на заедниците и поединците.

Напорите што се прават за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам опфаќаат широк спектар на програми што можат да вклучуваат, на пример, подигање на свеста, градење на капацитети, испраќање контра и алтернативни пораки, програми со кои се таргетираат училишта, воннаставни активности (на пример, активности за млади и спортски клубови), менторства што ги вршат верски лидери и лидери на заедниците, како и индивидуално приспособени интервенции организирани од страна на локални јавни институции и даватели на психосоцијални услуги. Таквите активности можат да се категоризираат според тоа - дали тие се однесуваат на превенција, интервенција или рехабилитација и реинтеграција.[8]

## *Основната причина поради која се организираат тркалезни маси на локално ниво*

Во февруари 2018 година, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во партнерство со Британската амбасада, помогна во одржувањето на две тркалезни маси за јавни консултации со локалните стејкхолдери со цел тие да се информираат за подготвувањето на ревидираните стратегии и акциски планови на Владата за спротивставување на насилниот екстремизам (СНЕ) и контратероризам (КТ), во рамките на Националниот комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам (НКСНЕКТ). Ваквиот напор за консултативно изработување на процеси и стратегии претставуваше прв таков напор што се прави во регионот на Западен Балкан и еден од ретките такви примери на глобално ниво.

По усвојувањето на Националната стратегија, а со цел дисеминирање на Стратегијата, Мисијата организираше серија тркалезни маси со клучни локални стејкхолдери во есента во 2018 година, како дел од една стратегиска комуникациска кампања за поддршка на Националниот комитет за спротивставување на насилниот екстремизам и контратероризам. Со учество на претставници од канцеларијата на националниот координатор, тркалезните маси служеа како форум за зајакнување на

8 ОБСЕ, Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Осврнување на Југоисточна Европа, август 2018 година, достапно на: https://www.osce.org/secretariat/400241?download=true.

транспарентноста и обезбедување на конзистентност при размената на стратегии на локално ниво. Тркалезните маси беа организирани во десет географски различни општини: Чаир (Скопје), Гостивар, Кичево, Куманово, Прилеп, Штип, Струга, Струмица, Тетово и Велес.

Со цел во спроведувањето на Националната стратегија и Акцискиот план да се промовира пристап што би опфаќал поголем број на стејкхолдери и би се темелел на самата заедница, се настојуваше во тркалезните маси да се вклучат и на нив да учествуваат претставници на општинската администрација, граѓанското општество, локалните институции, едукатори, даватели на психосоцијални услуги, младински лидери, верски лидери и други влијателни членови од локалната заедница.

## *Целите на тркалезните маси*

Покрај зајакнувањето на свеста кај локалните стејкхолдери за ризиците од насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам примарната цел на тркалезните маси беше да се поттикне учеството на локалните институции, граѓанското општество и заедниците во спроведувањето на Националната стратегија и Акцискиот план за спротивставување на насилниот екстремизам. Со тркалезните маси, исто така, се пружи важна можност за оценување на потребите и приоритетите во секоја општина во насока на усвојување на мултистејкхолдерски пристап за спроведување на Националната стратегија и Акцискиот план во локален контекст.

Имајќи ги предвид чувствителностите околу спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, со пристапот на Мисијата што се темели на сеопфатно вклучување на целото општество се има за цел преку тркалезните маси да се постигнат одреден број на исходи, вклучувајќи:

- Промовирање на холистичкото разбирање на насилниот екстремизам со кое се адресира феноменот во сите негови форми (на пример, десничарски, националистички, политички) при што би се намалила стигмата во однос на етничките и верски заедници и би се овозможиле поишироки и посеопфатни дискусии во врска со тоа какви форми на насилен екстремизам постојат во земјата и локално;

- Поддржување на промената од традиционалните пристапи што се базираат на безбедност кон пристапот во кој се нагласува учеството на целото општество, а со кој пристап би се зајакнале стејкхолдерите во заедницата со тоа што тие би се третирале како клучен дел на решението;

- Обезбедување на безбеден простор и платформа за дијалог за учесниците да можат отворено да ги искажат своите грижи и да иницираат градење на доверба како помеѓу локалните заедници, така и со владините структури;

- Зајакнување на стејкхолдерите во насока тие да можат да воспоставуваат канали за подобра комуникација и соработка;

- Идентификување на потенцијални предизвици и можности за мултистејкхолдерски пристап во имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план;

- Разјаснување на улогите и одговорностите помеѓу централната и локалната власт, како и помеѓу Владата и граѓанското општество;

- Преку соработка да се идентификуваат наодите и препораките што во иднина би можеле да служат како прелиминарна основа за развивање на локални акциски планови.

Овој Извештај дава сумарен преглед на дискусиите што локалните стејкхолдери ги водеа на тркалезните маси организирани во десет општини. Следното поглавје содржи опис на методологијата на тркалезните маси, а потоа следат клучните наоди и заклучоци. Во последното поглавје се елаборираат препорачаните најдобри практики во поглед на нивното вклучување во спроведување на програми од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а кои практики произлегуваат од самите наоди. Еден анекс содржи детален преглед на процедурите, односно начинот на организирање на тркалезните маси во Чаир, Гостивар, Куманово, Струга и Тетово и истите се прикажани во форма на извештаи развиени од страна на имплементирачкиот партнер на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Центарот за истражување и креирање на политики (ЦИКП).

Како една од неговите главни цели, со Извештајот се настојува да се потенцира важноста на промовирањето на еден мултистејкхолдерски пристап во процесот на спроведување на Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам, со разбирање за заедничката одговорност за безбедноста. Наодите од тркалезната маса, исто така, служат за да се покаже каква корист би можело да се извлече од еден инклузивен процес на концептуализирање и дизајнирање на политики и стратегии од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, како на национално, така и на локално ниво.

Извештајот е напишан за широката јавност, вклучувајќи ги и креаторите на политики и практичарите кои работат на создавање и спроведување на политики, стратегии, акциски планови и програми од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Исто така, тој е напишан конкретно и за локалните стејкхолдери - вклучувајќи ги општинските власти и другите локални институции, локални практичари и професионалци, како и членови на граѓанското општество - кои можат да бидат вклучени во процесот на дизајнирање и спроведување на програми од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. На крајот, Извештајот, исто така, е наменет за зголемување на свеста за важноста од соработка што се заснова на меѓусебна доверба помеѓу креаторите на политики и практичарите кога се развиваат и реализираат вакви програми.



# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ТРКАЛЕЗНИТЕ МАСИ СО ЛОКАЛНИТЕ СТЕЈКХОЛДЕРИ

Мисијата ја засноваше методологијата на тркалезните маси врз истиот пристап кој се темели на учество на целото општество што таа го примени во дизајнирањето и спроведувањето на јавните консултации при изработката на Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам во почетокот на 2018 година. Иако за првпат се занимаваме со еден ваков амбициозен и инклузивен пристап со кој се промовира мултистејкхолдерски ангажман во процесот на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, методологијата на тркалезните маси дава вреден пример на најдобри практики што можат да се користат и од страна на други креатори на политики и практичари кои се вклучени во дизајнирање на слични процеси за други национални стратегии, а кои процеси имаат за цел да ја опфатат и јавноста.

Во следното поглавје е даден преглед на методолошкиот пристап што се користеше при изборот на општините и учесниците на тркалезните маси, како и при дизајнирањето на структурата на водените дискусии. Во ова поглавје, исто така, се дискутира за стратегиите на намалување на штетите и опасностите, како и за мерките на градење доверба кај локалните стејкхолдери, а кои мерки Мисијата ги има користено при вршење на теренски активности.

## *Избор на општини и учесници на тркалезните маси*

Мисијата, во координација со Националниот комитет за спритивставување на насилниот екстремизам и контратероризам, ги избра десетте општини врз основа на список на критериуми со кои се обезбеди географска разновидна застапеност и се избегна да се стигматизираат одредени малцински етнички заедници, нешто, што доколку би било поинаку, би можело да создаде перцепција кај јавноста дека само овие заедници се борат со предизвикот што произлегува од насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Освен тоа, со овозможувањето да се организираат тркалезни маси во поголемиот дел од земјата, се пренасочи фокусот од местата каде тековните и планираните активности од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон

тероризам веќе беа високо сконцентрирани и се зајакна пораката дека сите форми на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам ќе бидат адресирани.

Во процесот на идентификување на учесниците на тркалезните маси, Мисијата се потпре на своето присуство на терен за да оствари пристап до широката мрежа на стејкхолдери која опфати институции на локалната самоуправа, граѓанското општество, едукатори, младината, верски лидери и лидери на локалната заедница. Сите овие стејкхолдери играат важна улога во пристапот што се темели на заедницата, а кој претставува основа за преземање на активности од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Во многу случаи, тркалезните маси претставуваа место каде релевантните локални стејкхолдери за првпат се среќаваат во иста просторија да дебатираат. Беше спроведена интензивна теренска работа преку бројни подготвителни состаноци со факторите со цел да се идентификуваат соодветните учесници и да се решат сите проблеми, вклучително и ризиците од стигматизација. Признавајќи дека постои општ недостаток на јавна свест и дека работата околу процесите на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризаме чувствителна, Мисијата се фокусираше на идентификување на лица со претходно искуство од оваа област или, пак, чија работа е тесно поврзана со истата.

При идентификувањето на учесниците, Мисијата силно се погрижи да обезбеди разновидна застапеност на сите етнички и верски заедници присутни во секој контекст на општината. Акцентот, особено, беше ставен на тоа да се осигури дека потребите и перспективите на помалите малцински заедници соодветно се одразуваат на дискусиите водени на тркалезните маси. Учесниците, исто така, беа поканети од страна на локалните женски и младински групи дополнително да ја збогатат дискусијата и да ги зајакнат овие групи преку градење на коалиции во рамките на граѓанското општество и да ја зголемат соработката со локалните институции.

Планирањето на тркалезните маси мораше да се изведе на начин што ќе биде во насока на справување со историјатот на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам во кој работите предоминантно гравитираат околу верско инспирираниот насилен екстремизам и радикализација што резултира со стигматизација на одредени верски заедници и затегнати односи помеѓу таквите заедници, како и со затегнати односи помеѓу самите заедници и институциите и органите задолжени за спроведување на законот. Друг резултат од таквиот историјат е тоа што верските лидери често сметаат дека од нив се очекува да ги имаат сите решенија за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, дури и во случаи кога тие не располагаат со соодветни капацитети, ресурси и потребната поддршка што други стејкхолдери можат да ја дадат. Со еден

таков пристап кон спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, што се темели на сеопфатно вклучување на целото општество, се избегнува насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам, да се дефинираат како теолошко прашање и на тој начин товарот на одговорност да паѓа само на верските лидери, односно наместо тоа, со таквиот пристап на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се гледа како на општествен феномен во кој верските лидери се ставаат во рамките на еден колектив составен од стејкхолдери кои се посветени да градат отпорност кај заедницата против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Во текот на подготовките за тркалезните маси, верските лидери беа охрабрени да го користат отворениот форум за да ги искажат нивните идеи и грижи при нивното дебатирање со други присутни стејкхолдери. Покрај тоа, со цел да се поддржи процесот на градење на доверба, Мисијата спроведе теренски активности и ги посети локалните претставници на верските заедници за јасно да ја објасни целта на тркалезните маси и да ги адресира нивните незадоволства, особено во поглед на стигматизацијата. Освен промовирање на еден сеопфатен пристап на целото општество, подготвителните средби дадоа можност и за потенцирање на холистичкото разбирање на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, кое ги опфаќа сите форми на насилен екстремизам и се воздржува од таргетирање на која било етничка или верска група.

Мисијата, исто така, настојуваше да ги вклучи наставниците и останатиот кадар што дава поддршка во образованието (на пример, училишни психолози, педагози) во тркалезните маси, со оглед на важната улога што тие ја имаат во директното влијание врз гледиштата на светот на младите како и врз нивните вредности, во време кога тие поминуваат низ еден важен период од нивните животи, односно кога тие когнитивно се развиваат и кога се формира нивниот идентитет. Исто така, наставниците добро се поставени за да интервенираат и дадат поддршка на младите кои можеби имаат потешкотии или можеби се ранливи и подложни на негативен општествен феномен. Истовремено, напорите што во регионот се прават од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам имаат тенденција да се фокусираат на градење на капацитетите на едукаторите со цел тие да можат да препознаат знаци на радикализација, но со ризик да настане штета поради отсуство на соодветна обука. Наместо тоа, на едукаторите треба да им се овозможи тие да располагаат со соодветни алатки за градење отпорност кај младите против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (на пример, преку реформирање на наставните методологии и ставање поголем акцент на наставната програма во која би се поттикнало критичкото размислување, почитувањето на различностите и би се промовирале ненасилни однесувања). Имајќи го предвид ова, Мисијата, покрај локалните образовни службеници од верските институции, кои играат важна улога во развојот на младите, исто така, покани и претставници од регионалните

одделенија на Бирото за развој на образованието кои работат на развивање на училишни програми.

Извлекувајќи ги најдобрите практики од доменот на превентивните напори на јавното здравство, Мисијата, исто така, ги покани давателите на услуги од обласа на психосоцијалната заштита да земат учество на тркалезните маси. Стручните лица, кои работат на полето на социјалната заштита и менталното здравје, имаат стекнато големо искуство во поглед на преземање иницијативи со кои се поддржуваат ранливи поединци подложни на ризик од вклучување во други видови на општествено негативни однесувања, како што е деликвенцијата кај младите. Покрај тоа, давателите на психосоцијални услуги се обврзани со професионален етички кодекс со кој се утврдува односот помеѓу клиентот и давателот на услугата преку начела како што се градење на доверба и нагласување на потребата да се поддржи благосостојбата на поединецот. Од друга страна, пристапот од областа на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, што премногу се фокусира на безбедноста и во кој во значителна мера се вклучени органите задолжени за спроведување на законот, може да доведе до поместување и отуѓување на давателите на психосоцијални услуги од нивниот простор за интервенирање што јавно-здравствениот пристап им го дава ним. Па така, целта на вклучувањето на давателите на психосоцијални услуги беше во тоа да се зголеми нивната свест за насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и за важниот придонес што тие можат да го направат во поглед на зајакнувањето на заштитните фактори.

Нијансираното разбирање на динамиките во заедницата и на чувствата на членовите на самата заедница се наоѓа во центарот на пристапот кој се темели на неправење штета во однос на преземањето на активности од областа на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Со оглед на чувствителната природа на процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, Мисијата ја зеде предвид постојната недоверба изразена од страна на заедниците - особено малцинските етнички заедници - кон институциите и органите задолжени за спроведување на законот. Честопати, во напорите за ангажман помеѓу полицијата и јавноста постои перцепција дека агендите на органите задолжени за спроведување на законот што се фокусираат, првенствено, на работи поврзани со безбедноста имаат тенденција да ги поместуваат другите важни проблеми и незадоволства со кои се соочува локалната заедница, а особено тоа е така кога интеракцијата по природа е еднонасочна. Со оглед на постојните табуа во врска со насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и стравовите од негативни реперкусии, ако се дебатира тоа прашање во присуство на органите задолжени за спроведување на законот, Мисијата им даде приоритет на тркалезните маси како безбедно место за сите учесници да можат да ги споделат сопствените гледишта за локалните проблеми и незадоволства на заедницата. Според тоа, на тркалезните маси не беа поканети претставници на полицијата

со цел да се осигури дека самите тркалезни маси претставуваат отворен форум за дискусија преку кои би можело да се зајакне разбирањето на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризамкако мултистејкхолдерски напор што се темели на заедницата, а кој напор се прави во преткривичниот простор. Ваквиот напор беше насочен кон тоа на заедницата да и се овозможи да се чувствува дека таа се ангажира за своја сопствена корист и дека и таа, исто така, има важен удел во придонесувањето кон подобра сопствена безбедност и благосостојба.

## *Структура на тркалезните маси*

Препознавајќи ги табуата околу насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и општото немање на јавна свест на ова поле, во почетокот на есента, во 2018 година, Мисијата одбра тркалезните маси да имаат структура на целодневни настани за да би можело да се даде доволно време дискусијата да се развие на задоволително ниво, односно да се продлабочи. Според тоа, секоја тркалезна маса започнуваше со преглед на клучните концепти и терминологија со цел да се осигури дека учесниците имаат општо познавање за да можат да ги следат последователните дебатни сесии. По ваквата концептуална сесија следеше презентација на Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам од страна на Националниот координатор за спротивставување на насилниот екстремизам или неговиот заменик. Активното учество на Националниот комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам на сите тркалезни маси резултираше во динамична интеракција помеѓу централната и локалната власт во која директно се одговараше на прашања поставени од страна на учесниците и од прва рака можеше да се слушнат нивните гледишта, незадоволства и идеи за тоа како проблемите би можеле да се решат.

Дебатните сесии беа организирани околу клучни интерсекциски области и истите беа олеснувани од страна на искусен модератор, а за кое олеснување како помош беа користени водечки прашања подготвени пред да се одржат тркалезните маси. На секоја од тематските сесии на учесниците од сите средини им се дозволи да можат да придонесат за идентификување на локалните предизвици и можности поврзани со имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план во локален контекст. Учесниците беа информирани дека ќе се примени „правилото на Чатам хаус (Chatham House Rule)“ со цел нивниот идентитет да се заштити и да се овозможи отворена дискусија. Сесиите на тркалезните маси беа организирани околу следните теми:

1. Насилниот екстремизам во локален контекст;
2. Зајакнување на граѓанското општество и споделување на најдобри практики;
3. Ангажман помеѓу општината и заедницата;

4. Градење доверба помеѓу заедниците и органите задолжени за спроведување на законот;
5. Улогата на заедниците во спречување на насилниот екстремизам;
6. Образование и давање поддршка на младите кои се подложни на ризик од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон екстремизам,
7. Важноста на социјалната заштита и менталното здравје.

Имајќи ја предвид чувствителноста на дискутирањето на насилниот екстремизам со локалните заедници, Мисијата стави значителен акцент на изборот на модератори и известувачи со соодветни вештини и способности. При идентификувањето на модератори и известувачи се посвети дополнително внимание на градењето на капацитети од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам кај граѓанското општество во насока на продолжување со работата кон долгорочна промена на политиките. Според тоа, Мисијата го идентификуваше Центарот за истражување и креирање на политики како водечка политичка тинк-тенк организација што спроведува истражувања, заедно со Меѓународната организација за миграција (МОМ), во општините што беа избрани како места во кои ќе се одржат тркалезни маси за оценување на капацитетите на локалните институции потребни за спроведување на Националната стратегија. Преку промовирање синергии во рамки на иницијативите, Мисијата имаше за цел да осигури дека истражувањата и дискусиите што се водат на тркалезните маси меѓусебно се надградуваат и надополнуваат, како и тоа дека тие се во насока на помагање на Владата, локалните институции и граѓанското општество да го креираат најдобриот мултистејкхолдерски пристап од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.



# 3. НАОДИ

Во ова поглавје се дава преглед на наодите до кои е дојдено на тркалезните маси. Организирани според структурата на сесиите на повеќето тркалезни маси, наодите од секоја тематска област се надополнуваат со внимание што се придава на локалните специфичности за кои постои посебен интерес.

## 3.1. Насилниот екстремизам во локален контекст

Сумирајќи ги сите впечатоци, тркалезните маси покажаа дека свеста за насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам е, генерално, на ниско ниво. Иако беше покренато прашањето за заминувањето на локални граѓани да се борат во Сирија, поголемиот број учесници на тркалезните маси, сепак, заседоа таков став според кој насилниот екстремизам не бил многу распространет во нивната општина. Покрај тоа, кај учесниците, генерално, постоеше високо ниво на свест за тоа дека иако насилниот екстремизам може да започне со мал и млак интензитет, тој може брзо да прерасне во ситуација во која постојат видливи примери/модели на улоги. Исто така, беше забележано и дека дискутирањето за насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се третира како табу и дека тоа има неповолен и контрапродуктивен ефект од гледна точка на спречување на насилниот екстремизам. Учесниците, исто така, забележаа дека насилниот екстремизам најчесто се поврзува со верски манифестации при што тоа резултира во стигматизација на одредени заедници. Десничарскиот и националистички екстремизам беше идентификуван од страна на учесниците како превалентен во земјата.

И покрај ставот на повеќето учесници во тркалезната маса дека насилниот екстремизам не е широко распространет, на тркалезната маса се докажа и се призна фактот дека овој феномен има прилично широк спектар на манифестации. На едниот крај на спектарот, учесниците на тркалезните маси споменаа графити со кои се изразуваат навреди и насилни намери и/или идеи како форма на екстремизам со низок интензитет, со тоа што учесниците на тркалезната маса во Прилеп, исто така, забележаа дека и неуспехот да се отстранат таквите графити придонесува кон тоа таквите пораки да станат секојдневие, односно норма. Корените на нетолеранција и омраза, исто така, прво се манифестираат како вербални конфронтации пред тие да ескалираат во физичко насилство, вклучувајќи ги особено тепачките што се јавуваат на меѓуетничка основа помеѓу учениците од средните училишта во училиштата и во јавниот превоз. Кога се работи за говор на омраза и физичко насилство што се практикува од страна на спортски (обично фудбалски) навивачки групи, на тркалезните маси се разоткри дека за огромен број на учесници тоа претставува форма на насилен екстремизам, а притоа учесниците на тркалезната

маса во Чаир укажаа и на тоа дека, наводно, политичките партии имаат влијание врз таквата форма на екстремизам. Во Прилеп, учесниците го идентификуваа палењето на Чарши џамијата и ефективното протерување на етничките албански семејства од 2001 година, како екстремна манифестација на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Во дискусијата за факторите што можат да придонесат кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам учесниците укажаа дека такви фактори можат да бидат и преовладувачките проблеми што се јавуваат во рамките на семејната заедница. Учесниците на тркалезната маса имаа заеднички став дека внатрешната кохезија на семејствата не е толку силна како што тоа било случај порано и дека тоа придонесува за младината да бара идентитет и припадност во други видови на групи, како што се етнички заедници, политички партии, верски заедници и спортски навивачки групи. На некои тркалезни маси учесниците, исто така, ја споменаа отсутноста на родителите што често пати се јавува како резултат на миграција на работната сила поради високата невработеност. На тркалезната маса во Чаир, учесниците го поврзаа отсуството на родителите со зголемена подложност на нивните деца на влијание од екстремистички проповедници. Исто така, беа споменати разни родови проблеми, вклучувајќи го и домашното насилство, општото немање почит спрема жените, а во Велес и конзервативните вредности што ги спречуваат мајките да присуствуваат на училишни состаноци.

Покрај семејните динамики, учесниците на тркалезните маси идентификуваа спектар од други причини што придонесуваат за појава на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Како што споменавме погоре во врска со трудовата миграција, економските услови беа често цитирани како услов што предводи кон насилен екстремизам. Ова произлегува и од тоа што еден учесник го кажа на тркалезната маса во Велес, -„Ние не би дискутирале за овие проблеми доколку [животниот] стандард беше повисок“. Во комбинација со невработеноста и сиромаштијата, учесниците на тркалезната маса понекогаш ја споменуваа и маргинализацијата што се прави на етничка и/или верска основа. Етничката и верската маргинализација беше објаснета како фактор што може да влијае врз поединецот тој да почне да бара идентитет и припадност на начин на кој насилните екстремистички групи би станале попривлечни за него. Покрај тоа, беше забележано дека некои маргинализирани сегменти од општеството можеби бараат поддршка и помош од алтернативни верски групи кои не се дел од официјалните верски институции, а кои се перципираат како поблиски до луѓето и нивните потреби.

Друг вид на причина што е идентификувана на тркалезната маса се однесува на пристапот до информации. Како што беше забележано од страна на учесниците на тркалезните маси, медиумите често пати имаат деструктивна улога кога шират говор на омраза и ги разгоруваат меѓуетничките тензии кога информираат за инциденти во кои сторителот на делото е член на малцинска група. Неконтролираниот пристап на младината до мобилни телефони честопати беше споменуван, а говорот на омраза

што најчесто се јавува во медиумите и социјалните медиуми беше идентификуван како фактор што притиска кон насилен екстремизам.

Исто така, учесниците на тркалезните маси честопати ја споменуваа политизацијата на животот и институциите во Република Северна Македонија, понекогаш во форма на тоа дека политичките партии на власт и подмладоците на партиите поттикнуваат екстремизам. На неколку тркалезни маси беше споменат упадот во Парламентот од 27 април 2017 година, како пример во кој политичка партија се вклучува во насилен екстремизам. Во Гостивар, учесниците укажаа на тоа дека една екстрема води кон друга и дека тоа е особено така во културата каде насилството станало секојдневна работа, односно норма, и каде политиките се фокусираат на омраза и/или реваншизам. Високото ниво на политичка поларизација го попречува функционирањето на институциите и резултира со тоа јавноста да нема доверба во истите.

## 3.2. Зајакнување на граѓанското општество и споделување на најдобри практики

Во рамките на дискусиите за граѓанското општество што се водеа на тркалезните маси беше укажано и на тоа дека луѓето ја препознаваат улогата што општеството може да ја има во процесот на идентификување и преземање на превентивни акции против различни форми на насилен екстремизам. Исто така, беше забележано дека постои широк спектар на варијации кај застапеноста на граѓанското општество во одредени места, како и варијации во односите со локалните заедници и институции. Иако постои потреба од градење на повеќе капацитети на полето на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, учесниците, исто така, оценија дека организациите на граѓанското општество веќе имаат долгогодишно искуство во области поврзани со спречување на насилство и градење социјална кохезија што би можеле да бидат подобро поддржани. Во исто време, учесниците повикаа на претпазливост кон вклучувањето на оние граѓански организации што не располагаат со соодветна експертиза од областа на спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и посочија дека треба да се направат поголеми напори за да се олесни споделувањето на најдобри практики. Учесниците, исто така, идентификуваа неколку области во кои организациите на граѓанското општество можат да го зголемат фокусот на нивните активности од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, како што е ангажирањето на родители за спречување на насилството, промовирање на човековите права преку неформално образование и обезбедување обуки за медиумските организации за развивање на осетливост за конфликти при нивното известување.

Во текот на дискусиите на тркалезните маси, учесниците дадоа бројни примери во кои локалните граѓански организации позитивно придонесуваат кон спречување на насилниот екстремизам. Во Гостивар, организациите на граѓанското општество спроведуваат разни проекти за градење на отпорност во рамките на локалната заедница, со релевантни проекти што вклучуваат обука за дигитални вештини наменета за маргинализираната младина и отворање на младински центар, како и други иницијативи што се насочени кон зближување на младите од различни средини. Како што појаснија учесниците на тркалезните маси, добрите односи помеѓу граѓанското општество и локалната власт, исто така, доведоа до тоа во Гостивар да се основа првиот општински младински совет во земјата; сепак, беше забележано дека младинскиот совет се соочува со недостиг на финансии што се потребни за спроведување на активностите. Одредени организации на граѓанското општество од Куманово не само што заземаа цврст јавен став против насилниот екстремизам, туку тие презедоа и превентивни работни активности со ранливата младината што е склона кон приклучување на насилни екстремистички групи во странство. Покрај тоа, на тркалезните маси организирани во Прилеп и Тетово беше откриено дека граѓанското општество располага со капацитет за давање помош на ранливи лица, а кој капацитет потенцијално би можел да се примени во однос на спречување на насилен екстремизам. Истовремено, учесниците на тркалезните маси во Куманово и Прилеп забележаа дека организациите на граѓанското општество се борат да одржат долгорочно програмирање поради недостаток на средства, при што во рамките на дискусијата во Куманово беше идентификувана потребата донаторите да ги земат предвид локалните приоритети и постојното програмирање кога тие ги распределуваат нивните финансиски средства. Исто така, учесниците на тркалезната маса во Куманово забележаа дека иако локалното граѓанско општество е релативно силно од своја страна, постои потреба од зајакнување на соработката помеѓу организациите на граѓанското општество, училиштата и општинските власти. Покрај тоа, дури и во Гостивар, каде учесниците на тркалезната маса позитивно ја оценија позицијата и улогата на граѓанското општество, беше забележано дека граѓанското општество во минатото страдало од притисоци правени од страна на државата преку политички насочени ревизии и инспекции.

Иако благодарение на дискусиите што се водеа на тркалезните маси во неколку општини се овозможи да се добие увид во силината на локалното граѓанско општество што е потребна за спречување на насилниот екстремизам, на тркалезните маси организирани во Чаир и Струга учесниците укажаа на помалку позитивна ситуација. Во овие општини, соработката помеѓу граѓанското општество и локалните институции се карактеризира како слаба, со ниско ниво на доверба и свест што локалните власти ја имаат за локалните програми на организациите на граѓанското општество. Учесниците на тркалезните маси во Чаир и Струга, исто така, забележаа дека јавноста има негативни перцепции во однос на граѓанските организации во овие општини и смета дека тие се под влијание на лични, политички

и/или криминални агенди со кои ефективно се поткопува идејата за волонтирање и граѓански активизам. Дополнителните наоди добиени од тркалезната маса организирана во Чаир опфаќаат ниско ниво на свест кај организациите на граѓанското општество за достапноста на општински простории каде тие би можеле да ги спроведуваат нивните активности, како и потешкотии со кои организациите на граѓанското општество се соочуваат при добивањето на финансиски средства од страна на општината. На крајот, учесниците на тркалезната маса во Чаир посочија дека најголемиот број на активни локални организации на граѓанското општество се хуманитарни, односно има само мал број на организации што имплементираат културни активности или активности што се дизајнирани за зголемување на граѓанската свест и ангажман. Исто така, верските заедници ја искажаа нивната загриженост дека некои хуманитарни организации финансирани од странство, наводно, вршат активности што содржат политички или верски нијанси и имаат нетранспарентни мотиви.

## 3.3. Ангажман помеѓу општината и заедницата

Наодите од тркалезните маси укажуваат на тоа дека нивоата на ангажман помеѓу општината и заедницата прилично се разликуваат на ист начин како што тоа е случај со јачината и улогата на граѓанското општество на локално ниво, како што дискутиравме погоре. Барањата за координација помеѓу општината и заедницата најчесто се рефлектираа и беа споменувани во рамките на локалните административни единици - месни заедници и локалните совети за превенција (ЛСП ). Во поглед на месните заедници, учесниците на тркалезните маси во Куманово и Тетово истакнаа дека жалат што тие во 2002 година го изгубија статусот на локални административни единици, а како резултат на тоа, месните заедници повеќе немаат пристап до банкарска сметка или службен печат. Тие ги опишаа месните заедници како важен, честопати, и ефикасен механизам за ангажман помеѓу локалните власти и локалните заедници бидејќи тие имаат добар преглед на развоите што се одвиваат кај граѓаните, но и рекоа дека самите месни заедници се соочуваат со потешкотии во решавањето на проблемите во заедницата, бидејќи од 2002 година наваму функционираат на доброволна основа. Поради тоа, учесниците побараа да се донесе нов закон со кој би се вратил поранешниот статус на месните заедници.

Во поглед на локалните совети за превенција, на тркалезните маси стана јасно дека овие механизми имаат потенцијал да служат како алатка што општината би можела да ја користи за да се осигури дека сите стејкхолдери се вклучени во процесот на дискутирање на прашања од областа на јавната безбедност. Сепак, отсуството на законски пропишана потреба со која би се наложило основање на такви локални совети за превенција, покрај другите предизвици за мултиагенциска соработка, го спречува воспоставувањето и континуираното

функционирање на едно такво тело во сите општини во кои се одржаа тркалезни маси. Во Куманово постои локален совет за превенција, но според учесниците на тркалезната маса тој се карактеризира како едвај функционален поради назначувањата што се направени врз основа на политичка припадност, а не врз експертиза. Осврнувајќи се на нивните општински локални совети за превенција, учесниците на другите тркалезни маси рекоа дека тие биле неактивни или никогаш не биле основани, а учесниците од Прилеп изјавија дека доколку во иднина би се основал локален совет за превенција, тогаш би било поважно да се осигури дека неговите активности имаат поширок фокус и дека, освен прашања од областа на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, тие опфаќаат и други прашања од други области. Покрај тоа, во поглед на локалните совети за превенција и во насока на осигурување на конзистентност и одржливост, учесниците сугерираа дека таквите совети треба да вклучуваат постојани лица со соодветни компетенции и кои можат да дадат соодветен придонес. Покрај претставници на различни институции, учесниците, исто така, предложија да се вклучуваат и претставници на организациите на граѓанското општество во конфигурацијата на локалните совети за превенција.

Во отсуство на функционален локален совет за превенција или други механизми што би можеле да се користат за спречување на насилен екстремизам, благодарение на тркалезните маси одржани во Гостивар и Куманово учесниците можеа да имаат увид во постојните и планираните координативни тела што имаат за цел да адресираат други видови на антисоцијални и насилни феномени. Во Гостивар, учесниците забележаа релевантни, но нефинансирани механизми за координација (на пример, координативно тело за спречување на родово-базирано насилство), при што ја повикаа општината посериозно да се позанимава со насилниот екстремизам.  Тие го поздравија и потпишувањето на меморандумот за разбирање со организацијата за граѓанско општество Search for Common Ground, а со кој меморандум се предвидува основање на акциски тим во заедницата што ќе работи на локален акциски план од областа на спротивставување на насилниот екстремизам и ќе го советува Советот на општината на сродни теми.  Акциски тимови во заедницата се основани и во општините Чаир и Кичево. Истовремено, учесниците на оваа тркалезна маса забележаа дека многу од проблемите со кои се соочува општината мора да се адресираат на централно ниво. Во Кичево, учесниците побараа да се вклучуваат претставници на помалите малцински заедници од руралните населби во координативните тела што работат на полето на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризамсо цел да се придонесе кон посоодветно идентификување на проблемите и решенијата.

Во Куманово, информациите за прашања од јавен интерес се споделуваат помеѓу месните заедници, Комитетот за односи помеѓу заедниците (КОЗ) и Комитетот за безбедност на општинскиот совет, со тоа што изворот е заштитен. И во Куманово и Кичево, учесниците забележаа дека иако е основан Комитетот за односи меѓу

заедниците, кој ја организира годишната средба за изработка на програмата што општинското одделение за култура ја спроведува, неговиот доброволен карактер го отежнува адресирањето на прашањата на превентивен начин. Покрај тоа, иако Општина Куманово одржува добри односи со локалните верски организации, таму не постои меѓуверско тело и општо земено постои мала соработка помеѓу верските заедници. Тоа што повеќе загрижува, според учесниците на тркалезната маса, е фактот што граѓаните не веруваат доволно во институциите, а тоа е особено случај кај поранливите сегменти од општеството, при што таквата недоверба честопати ги оневозможува самите граѓани да ја добијат потребната помош.

Од една страна, на тркалезните маси во Гостивар и Куманово се покажа дека постојат функционални недостатоци што ја оневозможуваат координацијата на општината со заедницата во процесот на спречување на насилен екстремизам, а, од друга страна, дискусијата на тркалезната маса во Чаир, Прилеп, Тетово и Струга се фокусираше на таквите недостатоци. На тркалезната маса во Чаир, учесниците забележаа дека постои недостиг на дијалог и соработка помеѓу локалните заедници и општината, а истовремено и укажаа на потенцијалот на општината да иницира ангажман во заедницата преку заеднички активности во сферата на културата. Во Прилеп, учесниците на тркалезната маса го претставија сега непостојниот младински совет за малолетна деликвенција како пример на добра практика за доближување на родителските совети, образовните претставници и даватели на психосоцијални услуги. Сепак, тие, исто така, ја пренесоа перцепцијата дека локалните власти избегнуваат контакт со Исламската верска заедница (ИВЗ) откако таа побарала Чарши џамијата да се обнови. Учесниците на тркалезната маса во Струга го карактеризираа нефункционирањето на локалниот совет за превенција како симптоматски одраз на поширок недостаток на меѓусекторска соработка во општината и, исто така, посочија дека постојат и одредени предизвици што се јавуваат во оценувањето и адресирањето на потребите на руралните заедници од околината на градот Струга. На крајот, учесниците на тркалезната маса во Тетово ги идентификуваа финансиските потешкотии на општината како пречка за ангажман помеѓу општината и заедницата, вклучувајќи го особено блокирањето на нејзината банкарска сметка што трае веќе неколку години.

## 3.4. Градење доверба помеѓу заедниците и органите задолжени за спроведување на законот

Генерално, тркалезните маси јасно ставија до знаење дека поради одреден број на различни причини недостига доверба помеѓу заедниците и органите задолжени за спроведување на законот. На пример, во Струга и Тетово, како

причина за ниското ниво на доверба во спроведувањето на законот учесниците ја наведоа неефикасноста на полицијата да го спроведе законот кога сторителите на кривични дела се политички поврзани со одредена политичка партија. Како што беше објаснето од страна на учесниците на тркалезната маса во Струга, со перципираната неконзистентна примена на законот од страна на полицијата се овозможува неказнивост за добро познати локални криминалци и со тоа ефективно се промовира криминалниот живот како остварлива опција за младината. Во Тетово и Чаир, граѓаните, исто така, се плашат да пријават настани директно на полицијата поради страв од одмазда од страна на сторителите, па како резултат на тоа тие повеќе се одлучуваат за анонимно пријавување. Малата застапеност на етничките Албанци во различни органи на Министерството за внатрешни работи, исто така, беше споменато како фактор што резултира во немање на доверба, и покрај постоењето на потврдителната акција што се презема за рамноправна застапеност на етничките заедници во полицијата. Регрутирањето на службеници задолжени за спроведување на законот врз основа на припадност во одредена политичка партија беше споменато во Чаир и Куманово како причина за малата доверба кај граѓанинот во органите што се задолжени за спроведување на законот.

Распространетата недоверба во полицијата беше очигледна и во гледиштата на учесниците на тркалезната маса изразени во поглед на соодветната улога што органите задолжени за спроведување на законот ја имаат во процесот на спречување на насилниот екстремизам. Учесниците во Чаир, Куманово и Тетово ги пренесоа стравовите од стигматизација и од тоа да се биде имплициран од страна на полицијата во непотребни истраги, со тоа што учесниците во Чаир предупредија дека со непропорционални репресивни мерки насочени кон локалната заедница се ризикува да се создаде плодна почва за ширење на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Од друга страна, учесниците на тркалезната маса во Струга ја изразија нивната загриженост за капацитетот што полицијата го има за справување со прашања од областа на превенцијата, имајќи го предвид нивниот постоен обем на работа. Размислувајќи во поглед на овие проблеми, учесниците на тркалезната маса објаснија дека полицијата треба да биде ангажирана само во последен момент како последно средство или ако постои непосредна закана за јавната безбедност. Учесниците во Чаир објаснија дека иницијативите што произлегуваат од заедницата и се во насока на спречување на појава на насилен екстремизам во нивната општина не предвидуваат вклучување на службеници што го спроведуваат законот, од страв да не се нанесе штета; учесниците во Гостивар истакнаа дека во стратешкиот план што треба да го подготви Акцискиот тим во заедницата за спречување на насилен екстремизам треба да се избегне потпирање врз полицијата. Истовремено, учесниците повикаа на поголемо градење на доверба помеѓу заедниците и полицијата преку отворен форум како механизам за споделување на безбедносните проблеми што се јавуваат во нивната заедница; сепак, тие забележаа дека полицијата работи од високо

централизирано ниво што претставува предизвик за навремено адресирање на настанатите проблеми од страна на самата полиција.

Имајќи ги предвид ниските нивоа на доверба на заедницата во тоа како законот се спроведува, на тркалезните маси, исто така, беше испитана соработката помеѓу органите задолжени за спроведување на законот, од една страна, и училиштата и центрите за социјална работа, од друга страна. Иако таквата соработка, генерално, беше оценета со слаби оцени од страна на учесниците на тркалезната маса при што поголемиот број сметаа дека со случаите на малолетничка деликвенција, прво, треба да се постапува внатрешно, од страна на училиштен кадар кој дава психосоцијална поддршка, наместо да се инволвира полицијата, учесниците на тркалезните маси во Струмица и Велес забележаа дека постои добра соработка помеѓу полицијата и училиштата. На крајот, и покрај претежно негативните погледи на учесниците на тркалезните маси за улогата на полицијата во однос на спречувањето на насилниот екстремизам, учесниците на некои тркалезни маси се потсетија на претходните практики на полициско работење во заедницата, како што тоа беше случај со пожарникарот[9], во позитивна смисла, при што укажаа на нивната потенцијална улога за спречување на насилниот екстремизам преку одржување на контакти на основно „грасрут“ ниво.

## 3.5. Улогата на заедниците во спречувањето на насилен екстремизам

Дискусијата за улогата на заедниците во спречувањето на насилниот екстремизам во голема мера беше фокусирана на семејствата и верските заедници, при што многу учесници на тркалезната маса се изјаснија дека процесот на спречување на насилен екстремизам започнува од дома, во раниот детски развој. На неколку тркалезни маси, учесниците истакнаа дека фокусот треба да се стави на зајакнување на семејната единица, со оглед на тоа дека семејството претставува извор за развивање на вредности на меѓуверска и меѓуетничка толеранција. Исто така, насилството во семејството треба да се адресира со цел пошироко спротивставување на нормализацијата на насилството во општеството. Честопати, ваквите изјави беа проследени со опсервации за можноста училишните родителски совети да имаат активна улога во подигањето на свеста за ризиците поврзани со насилниот екстремизам. Освен тоа, родителите треба да бидат подобро информирани за нивната улога во мониторингот на активностите на нивното дете на интернет и да се осигурат дека тоа е заштитено од онлајн ризици, вклучувајќи и од содржини поврзани со насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. На тркалезната маса што се одржа во Чаир, учесниците зборуваа за важната улога што

9 Позорникар е полициски службеник надлежен за одредена област во која ги познава луѓето и теренот; месен полициски службеник.

жените ја имаат во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, забележувајќи дека тие можат да ги предводат своите семејства да негуваат позитивни меѓуверски и меѓуетнички односи, како проактивно, така и како одговор на тепачките помеѓу младите во училиштата и во јавниот превоз. Во поглед на ова, Проектот „Мајки-училишта", на Организацијата на граѓанското општество Жени без граници, беше пофалено од страна на учесниците на тркалезната маса во Чаир поради тоа што со таквиот проект се зајакнуваат жените за тие да можат да ги предводат нивните семејства и заедници кон градење на отпорност против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Од аспект на дијалог и соработка помеѓу верските заедници, учесниците истакнаа дека на повисоко ниво поглаварите на верските заедници се сретнуваат двапати годишно и дискутираат за нивните активности, но на локално ниво не постои доволно комуникација помеѓу Исламската верска заедница (ИВЗ) и Македонската православна црква (МПЦ). Потребна е интензивирана соработка за да се негува толеранцијата, на пример, преку ангажмани во заеднички активности што се од взаемен интерес (на пример, чистење на паркот од ѓубре) на локално ниво. Како пример за добри практики учесниците на тркалезната маса во Куманово го издвоија форумот за верски лидери што беше организиран по насилните инциденти што се случија во мај 2015 година, за да се дискутира за тоа како најдобро може да се спречи понатамошна ескалација на ситуацијата. Исто така, вообичаени беа и повиците од претставниците на Исламската верска заедница и Македонската православна црква за вклучување на часови по етика и религија во наставните програми на училиштата, а кои би биле предавани од страна на соодветно квалификувани наставници, во насока на промовирање на етика и верска толеранција. Во рамки на дискусиите водени на тркалезните маси, исто така, беше проверен односот помеѓу градењето на верски места за богослужба и симболични предмети, од една страна, и меѓуетничките и меѓуверските односи, од друга страна. Иако во повеќето случаи овој однос беше опишан од аспект на тоа како изградбата на верски објекти може да предизвика интеркомунални тензии, на дискусијата водена во Струга, исто така, беше истакнато како верските лидери одиграле конструктивна улога во спречувањето на ескалација на насилство во селото Октиси при изградба на црква без дозвола. Од различна перспектива, учесниците објаснија дека некои верски заедници се соочуваат со долгорочни незадоволства што треба да се адресираат. Како што беше споменато на тркалезните маси во Прилеп и Гостивар, неуспехот на локалните власти да ја обноват запалената Чарши џамија, што изгоре во конфликтот во 2001 година во Прилеп, го оневозможи помирувањето помеѓу тамошните етнички и верски заедници. Како резултат на тоа, постои значителна потреба за работа на меѓуверскиот дијалог во таа општина. На тркалезната маса во Гостивар, ниското ниво на комуникација помеѓу верските заедници и локалните институции беше објаснето од аспект на тоа дека се работи за наследство од комунизмот и неговото пропагирање на антиверски погледи.

Освен осврнување на конкретни верски заедници, на некои тркалезни маси учесниците, генерално, побараа поголема транспарентност и подобро регулирање на активностите што се одвиваат во рамките на верските институции; во поглед на ова, еден учесник на тркалезната маса во Велес рече, „Не можеме да знаеме што попот и имамот кажуваат. Ние треба да знаеме што тие проповедаат“. Покрај тоа, претставниците на Македонската православна црква кои учествуваа на една од тркалезните маси посочија на случаи на поединци кои преку прифаќање на екстремни верувања настојуваат да манипулираат со националните и верските идентитети, при што забележаа дека некои свештени лица и членови на црквата имаат идеолошки пристап и тешко е да се држат под контрола.

Од загриженостите што беа споменати на тркалезните маси во однос на муслиманските заедници во Република Северна Македонија, најчестата загриженост се однесуваше на предизвикот за тоа дали Исламската верска заедница би можела да го спречи злоупотребувањето на верата на начин на кој би се спречиле насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. На неколку тркалезни маси, претставниците на Исламската верска заедница зборуваа за странски и/или „екстремистички“ организации што спроведуваат верски активности надвор од контролата на официјалните верски тела, понекогаш правејќи го тоа под превезот на културни и хуманитарни активности. Учесниците на тркалезните маси во Гостивар и Струга, исто така, забележаа дека нивните пријави до полицијата за такви практики никогаш немаат резултирано во акција. Во Гостивар, учесниците на тркалезната маса дополнително забележаа дека големи количини верска литература се ставени во промет без надзор на Исламската верска заедница, тврдејќи дека насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам може да се спречат преку подобрување на верската писменост и промовирање на силна основа во традицијата ханафи што официјално се следи во земјата. Слично на тоа, учесниците на тркалезната маса во Гостивар посочија дека верските лидери треба да го подигнат својот профил на социјалните мрежи за да го намалат влијанието на екстремистичките проповедници кај младите и да понудат алтернативни наративи. Освен тоа, учесниците на тркалезната маса во Куманово нагласија дека верските лидери треба да размислат за тоа како тие би можеле подобро да ја ангажираат младината за таа да може да ги разбере модерните предизвици и реалности со кои се соочува.

Иако голем дел од дискусијата за заедниците се фокусираше на верските заедници, некои учесници на тркалезната маса го насочија своето внимание кон пошироките макросоцијални феномени, како што се хулиганството помеѓу спортските навивачки групи и поттикнувањето на насилство од страна на подмладоците на политичките партии. Учесниците на тркалезната маса во Чаир ја идентификуваа културата на насилство кај некои спортски навивачки групи како отскочна даска кон политички и верски екстремизам. Од една страна, тие укажаа на посебен однос помеѓу таквите групи и политичките партии, а, од друга страна, тврдеа дека неколку познати странски терористички борци кои ја напуштиле Република Северна Македонија и

заминале да се борат во Сирија и Украина наводно претходно биле дел од спортски навивачки групи. Во Тетово и Куманово, учесниците нагласија дека работењето со фудбалските клубови и нивните навивачки групи треба да претставува врвен приоритет во насока на спречување на употреба на говор на омраза и спречување на насилен националистички екстремизам. Според гледиштата на учесниците од Чаир треба да се создаде посебно тело коешто би ги контролирало активностите на спортските навивачки групи и би ги санкционирало во случај на несоодветно однесување. Тие, исто така, ги повикаа сите стејкхолдери од заедницата колективно да го осудат секој чин на ширење омраза и вршење на насилство од страна на спортските навивачки групи. Во поглед на ова, во Чаир учесниците споделија дека МПЦ направила обид да воспостави контакт со добро позната спортска навивачка група од Скопје, која е позната по поттикнување на насилни инциденти што се темелат на етничка или верска нетолеранција, во насока на промовирање на позитивни морални вредности.

На поголемиот број тркалезни маси, учесниците ја изразија нивната загриженост дека политичките партии шират екстремистичка и националистичка реторика што креира поларизација во општеството. Во поглед на подмладоците на политичките партии, учесниците во Прилеп укажаа на тоа дека тие потенцијално можат да имаат конструктивна улога во спречувањето на нивните членови да шират негативни наративи, говор на омраза и насилство. Учесниците и во Струга и во Кичево забележаа дека насилни инциденти се имаат случено во минатото помеѓу младите во училиштата, а кои инциденти биле поттикнати од страна на одредени политички партии во текот на изборните периоди. На крајот, учесниците на тркалезната маса во Куманово забележаа дека локалната заедница цврсто се бори да го спречи говорот на омраза во социјалните медиуми и да ги осуети лажните вести пред тие штетно да влијаат врз општеството.

## 3.6. Образование и давање на поддршка на младите кои се подложни на ризик од НЕРВТ

Учесниците на тркалезната маса идентификуваа различни предизвици со кои се соочуваат младите, а кои придонесуваат тие да бидат ранливи и подложни на насилен екстремизам. На неколку тркалезни маси, учесниците се осврнаа на песимизмот и деморализацијата што резултираат не само од недостатокот на директни можности, туку и од отсуството на позитивни модели на улоги во едно општество во кое успехот очигледно доаѓа благодарение на личните врски, а не на вештините, искуството и интегритетот. Во оваа ситуација, учесниците забележаа дека младите можеби бараат чувство на припадност преку вклучување во екстремни аутлети, па затоа, им се потребни можности за позитивно менторство и стекнување на лидерски вештини со цел тие да можат да дадат значајни придонеси

во општеството. Во насока на поддржување на тезата дека младината треба да се чувствува разбрана и дека припаѓа на своите заедници, учесниците на тркалезната маса во Куманово потсетија на случај во врска со девојка која заминала за Сирија (и евентуално загинала таму) бидејќи се чувствувала длабоко маргинализирана кога одлучила својата религиозност да ја изрази отворено. Префрлајќи се на попозитивната страна, учесниците на тркалезната маса во Гостивар зборуваа за младинскиот совет и центар, основан во таа општина, како ветувачки механизам за адресирање на некои од предизвиците со кои се соочува младината што е ранлива и подложна на ризик од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Тркалезните маси разоткрија големи недостатоци во функционирањето на образовниот систем во Република Северна Македонија кои значително ја намалуваат способноста на системот да дава одржливи алтернативи на младината која е подложна на ризик од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Еден од најзначајните наоди што произлезе од тркалезните маси е тоа што кај младината во Република Северна Македонија насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се храни од длабоките општествени расцепи што се одразуваат во образовниот систем. На прво место, сегрегацијата по јазик на учење ги ограничува контактите помеѓу учениците од различни етнички и, во многу случаи, исто така, верски  заедници. Покрај тоа, учесниците на тркалезната маса во Тетово ја препишаа сегашната состојба на сегрегација и на неможноста на релевантните институции да се справат со преименувањето на училиштата на начин на кој не би се создале „победници и губитници“. Покрај тоа, во повеќето училишта малку се прави за промовирање на мултикултурализмот кај учениците, а некои учебници содржат навредливи материјали и материјали што се националистички ориентирани и што придонесува за поларизација и маргинализација, особено во однос на етничките малцинства. На крајот, учесниците на тркалезната маса во Чаир, Куманово и Прилеп изразија загриженост за ефектите што екстремистичките погледи на наставниците можат да ги имаат врз учениците, а во поглед на ова учесниците од Чаир наведоа конкретен случај во кој член на наставниот кадар поттикнувал насилен екстремизам во училницата. Како контраст на ова, учесник на тркалезната маса во Штип наведе пример од локално основно училиште во кое активно се негувале добри меѓуетнички односи и каде пријателствата преку етничките линии се покажале како ефикасни за спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

На неколку тркалезни маси, учесниците се осврнаа на манифестации на политичка поларизација во училишниот систем. Некои учесници забележаа дека тенденцијата наставниците да бидат вработувани врз основа на политичка припадност предизвикува значителна непостојаност во поглед на нивото на вештини кај наставниот кадар. Ваквата  тенденција наставниците ги става во тешка позиција, односно ги оневозможува да комуницираат со раководствата во училиштата за работите што се потребни и со кои би можело да се подобри квалитетот на

образованието. Истата оваа тенденција, исто така, ја усложнува ситуацијата со преоптовареноста на наставниците, а која се јавува поради пребројноста на класовите и која ја оневозможува индивидуалната работа со учениците, особено со оние ученици кои се подложни на ризик од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Можеби повознемирувачки се случаите во кои, според кажувањата на учесниците на тркалезните маси, одредени наставници и ученици, кои имале дебели врски, донеле оружје во училишните простории и упатиле закани кон други наставници и/или ученици, и на тој начин придонеле културата на насилство да стане норма.

Земајќи ги предвид феномените опишани во претходните параграфи, можеби нема ништо изненадувачко во откритието на истражувањето, наведено од страна на учесниците на тркалезната маса во Прилеп, дека учениците немаат доверба и дека поради таквата недоверба кај нив постои тенденција да не бидат подготвени да ги споделуваат своите грижи со наставниците и училишните служби за поддршка. Сепак, учесниците на тркалезните маси во Чаир и Куманово обезбедија примери на добра практика во поглед на давање поддршка за млади што се подложни на ризик од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Во Чаир, кога едно дете покажува девијантно однесување, наставникот кој е одговорен за детето ги поканува родителите да дојдат во училиштето и заедно со педагогот и училишниот психолог да подискутираат за проблемот. Во Куманово, учесниците на тркалезната маса известија за одлична соработка помеѓу училишните стручни служби и локалните организации на граѓанското општество.

Учесниците на тркалезните маси едногласно се согласија за вредноста на вонннаставните активности со кои на младите се обезбедува пристап до конструктивни активности во текот на нивното слободно време. Истовремено, сепак, учесниците забележаа дека широко распространетата пренатрупаност на училиштата, што резултира во нивно двосменско или повеќесменско функционирање, укажува на тоа дека многу училишта не располагаат со потребниот простор за тие да можат да понудат воннаставни активности, па дури тие и да биле планирани во училишната програма. Исто така, во рамки на тркалезните маси се спомна дека најголемиот број на ранливи и подложни ученици на ризик од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, најверојатно, би биле исклучени од такви активности бидејќи честопати приоритет се дава на учениците што покажуваат подобри резултати во нивното образование. Во Гостивар и Тетово, општинските власти презедоа чекори за решавање на оваа состојба со доделување на ресурси за воннаставни активности: младинскиот и општински центар во Гостивар здружуваат шест младински организации, а Општина Тетово обезбеди простор и логистичка поддршка за неодамна формираната мрежа на младински волонтери кои служат како домаќини за активности.

Тема која предизвика одредена дебата помеѓу учесниците на тркалезната маса беше потенцијалот локалните совети за превенција на малолетничка деликвенција да

играат улога во спречувањето на насилниот екстремизам. Учесниците во Тетово и Велес, генерално, беа позитивни околу ова, а еден учесник од Штип заземе став дека таквите совети не се соодветни за адресирање на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Исто така, на тркалезните маси се спомна дека младинските организации на политичките партии треба да се вклучат во напорите за спречување на насилниот екстремизам.

## 3.7. Социјалната заштита и менталното здравје

Со оглед на тоа што во потенцијалните двигатели на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам влегуваат социјалната маргинализација и хроничната невработеност, во текот на дискусиите водени на тркалезните маси, исто така, се разгледаа мерките што институциите за социјална помош ги преземаат за адресирање на овие феномени, а особено во поглед на тоа како тие влијаат врз младите. Покрај тоа, беше посочено дека таквите мерки за решавање на проблемот со невработеноста имаат тенденција да се фокусираат на лица со завршено средно или високо образование, при што со нив се изоставуваат традиционално маргинализираните групи, како што се Ромите.

Заеднички заклучок на учесниците на тркалезните маси е тоа што иако центрите за социјална работа имаат големо искуство во адресирањето на различни форми на антисоцијално однесување, кај нив постои недостиг од специјализирана експертиза што би им овозможила да можат да го разберат насилниот екстремизам и ризиците што се поврзани со истиот. Покрај тоа, во центрите за социјална работа недостасуваат ресурси потребни за развивање и распоредување на релевантни капацитети, а учесниците во Куманово забележаа дека вработените во локалниот центар веќе работеле на доброволна основа за да ги спроведат постојните програми. Имаше еден предлог за формирање на централизиран центар со банка на мобилни експерти кои би ги советувале практичарите на локално ниво.

Исто така, на тркалезните маси беше истакната потребата центрите за социјална работа да работат потесно со основните и средните училишта за да може да се обезбеди поддршка на ранливата младина. Со оглед на фактот дека повеќето наставници немаат ниту време ниту вештини потребни за активно да го поддржат социјалниот развој на учениците, улогата на училишниот кадар за психосоцијална поддршка добива на посебна важност. Сепак, политичката поларизација и пренатрупаноста во училиштата, генерално, влијаат врз оваа категорија кадри на ист начин на кој е засегнат наставниот кадар, со тоа што многу училишни популации се пребројни за бројот на вработени психосоцијални кадри, а во некои училишта нема педагог и/или психолог. Дури и таму каде што има такви кадри во доволен број, тие честопати немаат поминато низ соодветни обуки што би им овозможило да го разберат феноменот на радикализација кон насилен екстремизам и како тој феномен би

можел да се адресира.[10] Учесниците забележаа дека за младината е важно таа да се почувствува дека е слушната, дека таа може да се искаже и да се почувствува дека може да ги идентификува сопствените проблеми и грижи и истите да ги сподели со возрасни лица во кои таа има доверба; поради тоа, наставниците, педагозите, психолозите во училиштата и родителите треба повеќе да се вклучуваат во процесот на ангажирање на младината. Во поглед на адресирањето на деликвенцијата кај младите и насилното однесување, учесниците, исто така, повикаа и побараа таквите случаи, прво, да се адресираат внатрешно, од страна на училишните педагози и психолози, а не полицијата да се вклучува предвреме и прерано. Освен тоа, беше предложено да се создадат специјализирани програми за млади со цел да се расформира културата на насилство што веќе преминала во норма, како и да се помогне во процесирањето на глобалните вести и настани што можат да ја вознемират психата на младите луѓе.

Учесниците, исто така, забележаа дека центрите за социјална работа треба повеќе да се концентрираат на адресирање на семејната нефункционалност бидејќи семејното насилство може дополнително да оди во прилог на охрабрување на насилно и екстремистичко однесување кај младите поединци. Исто така, со таквите напори би се поддржала и работата на психосоцијалниот училиштен кадар кој, во согласност со неодамнешното законодавство, е спречен да има пристап до информации поврзани со семејните околности на учениците и покрај реалните докази дека голем дел на ученици, кои имаат потреба од поддршка и помош, доаѓаат од семејства што се социјално хендикепирани и/или дисфункционални. Некои учесници на тркалезната маса, исто така, забележаа дека центрите за социјална работа не се секогаш спремни да го поддржат училишниот кадар кој дава психосоцијална поддршка кога тие се контактираат да пружат помош за одреден ученик.

Исто така, учесниците идентификуваа дека локалните центри за социјална работа треба да се ангажираат во програми што се имплементираат за рехабилитација и реинтеграција на упатените лица кои биле оценети како ранливи и склони кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. На тркалезната маса во Струга, исто така, беше укажано на немањето на знаење за тоа како поединците кои се ослободени од затворскиот систем би можеле соодветно да се ресоцијализираат и да се реинтегрираат во заедниците со соодветна поддршка, а со цел да се осигури тие да не станат ранливи на насилни екстремистички групи. На некои тркалезни маси беше предложено верските лидери да имаат улога во давањето на менторство на теолошка основа во текот на рехабилитацијата и реинтеграцијата на таквите лица, иако тие честопати не поминале низ специјализирана обука за давање психолошка поддршка и совети.

10 ОБСЕ и НКСНЕКТ, заедно, спроведоа една обука од ваков вид и истата имаше за цел да ги идентификува ризиците од радикализација.

На крајот, на тркалезните маси беше истакнато дека социјалните и културните табуа околу менталното здравје водат кон стигматизација и дополнителни препреки за индивидуалците при што ги оневозможуваат да добијат пристап во заедницата до здравствени услуги од областа на менталното здравје.



# 4. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Во комбинација со неколку препораки, ова поглавје содржи заклучоци за прашањата што во текот на дискусиите беа идентификувани како предизвици. Тие се синтетизирани од наодите од секоја тематска област и даваат насоки за тоа како да се промовира еден мултистејкхолдерски пристап на полето на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

## 4.1. Капацитети за сеопфатен општествен пристап кон С/СНЕРВТ (обучен кадар, инфраструктура, финансии)

### 4.1.1. Адекватно обучен кадар

Сеопфатниот општествен пристап на полето на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам беше поддржан на сите тркалезни маси. Сепак, еден од главните предизвици што беше идентификуван за време на дискусиите беше недостатокот на обука за да се осигури дека кај поединците постои разбирање и свест за принципите и пристапите што централната власт ги промовирала преку национални стратегии и акциски планови. Стејкхолдерите се согласија дека тоа бил системски недостаток што се појавува при координација со нивните матични институции, и истакнаа дека овој недостаток бил особено очигледен таму каде што ниту една институција не била задолжена да ја преземе водечката улога во решавањето на попречните проблеми.

Учесниците искажаа загриженост во врска со вклучувањето на наставници во процесите на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Општата перцепција за едукаторите во сите области е тоа што тие се сметаат за неадекватни за да се ангажираат во превенцијата, освен ако поседуваат одредено ниво на експертиза. Речиси на секоја тркалезна маса се даваше приоритет на специјализирани обуки наменети за наставници. Препораката што произлезе во однос на ваквите загрижености беше тоа дека треба да се посвети посебно внимание за да се осигури дека со интервенциите од областа на спречување и спротивставување на насилниот

екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се почитуваат човековите права и основните слободи, вклучително и правата на децата.

На повеќето тркалезни маси, претставниците на организациите на граѓанското општество постојано укажуваа на едукаторите и другите учесници дека постојните вештини можат да се применат во превентивното програмирање. Таквите вештини можат да вклучуваат (но, не мора да бидат ограничени ) менторство и советувања, педагошка поддршка, активно или стратешко слушање, комуникациски вештини, медијација и критичко размислување. Како резултат на тоа, по почетните дискусии, на поголемиот дел тркалезни маси учесниците покажаа промена во перцепциите што се однесуваат на нивните способности да се ангажираат на полето на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а таквата промена се должеше на нивната зајакната свест за постојните вештини што можат да се искористат. Во исто време, доколку обуката на наставници не е адекватна и во согласност со почитувањето на човековите права и со пристапот да не се прави штета, тогаш постои ризик дека тоа може да резултира во претерано упростување на клучните прашања.

Социјалните работници и психолози побараа да се почитува автономијата на нивните стручни области. Иако изразија подготвеност да учествуваат во превентивни програми, учесниците во овие категории ја потенцираа потребата од спротивставување на барањата на органите задолжени за спроведување на законот со кои би се барало кршење на нивните етички кодекси, а со кои кодекси се осигурува довербата што тие ја добиваат од страна на нивните корисници кои бараат психо-социјална помош. Во некои општини, социјалните работници и психолозите, кои учествуваа на тркалезните маси, презентираа успешна меѓуинституционална соработка на полето на спречување на други антисоцијални однесувања, како што е малолетничката деликвенција. Според мислењето на овие учесници, треба да се зголемат капацитетите на стручниот кадар и преку специјализирана обука да се развие темелно разбирање на концептите што се однесуваат на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Претставниците на општините и локалните институции побараа да се обезбеди специјализирана обука од страна на централните власти и Националниот комитет за спречување на национален екстремизам и контратероризам (НКСНЕКТ). Поконкретно, секое министерство со претставник во Националниот комитет за спречување на национален екстремизам и контратероризам треба да обезбеди обука на локално ниво пред да се обиде да создаде локални планови за спроведување на активности против спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Честата промена на работниот кадар во одредени институции ја попречува одржливоста на процесот на градење на капацитети, како и на процесот на градење на механизми што би можеле да се воспостават на локално ниво. Исто така,

учесниците препорачаа да се врши процена на компатибилност за секое лице кое би сакало да се вклучи во интервенции од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, бидејќи одредени професионалци од нивната област можеби искажуваат ставови што одат во прилог или се во насока на поддржување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

### 4.1.2. Инфраструктура

Најновите глобални трендови покажуваат дека заедниците играат важна улога во процесот на спречување на насилен екстремизам, со тоа што превентивните пристапи што се темелат на заедницата се покажуваат како корисни за дополнување на процесот што се темели на пристап базиран на спроведување на законот, а кој процес оди во прилог на зајакнување на безбедноста и сигурноста. Најголемиот предизвик, идентификуван од страна на заедниците, беше недостигот на инфраструктура, независно од тоа дали се работи за физичка или мека инфраструктура (на пример, институции), а со која би можело да се овозможи простор и форум за заедниците да придонесат кон превенцијата. Дури, иако сите учесници се согласија дека владите не можат самите да го спречат и да се спротивстават на насилниот екстремизам, заедниците побараа националните стратегии да ја одразуваат потребата од создавање на физичка и мека инфраструктура што е потребна за целите на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Учесниците на тркалезната маса посочија на ограничените воннаставни средства со кои училиштата располагаат и на системскиот недостаток на простор. Тие, исто така, забележаа дека нема доволен број на психолози и покрај повторените обиди да се регрутира таков кадар. Од друга страна, одредени општински власти неформално имаат назначено места што би се користеле за работа со младината или, пак, за реализација на активности што би имале за цел остварување на пристап до заедницата. Поголемиот број на учесници на тркалезната маса беа согласни дека партнерствата за спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам најдобро се формираат од страна на самите заедници, со поддршка од институциите и организациите на граѓанското општество. Но, сепак, сè уште останува потребата централните и локалните власти да ги координираат напорите на заедницата преку создавање на инфраструктура за поддршка на работата на заедниците, локалните институции и организациите на граѓанското општество.

Локалните институции потврдија дека постојат нејасности во дефинирањето на улогите што стејкхолдерите би требало да ги имаат во процесот на спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Независно дали се работи за општини со надлежност над училишта или социјални и здравствени

или други институции, една од најпроблематичните работи е тоа што овие фактори во недоволна мера ја признаваат превенцијата како општа надлежност. За да се промовира мултисекторски пристап потребно е да се воспостават канали на комуникација и соработка. Во поглед на нивните интеракции, најголемиот број на локални институции се ограничени на централно ниво од страна на нивните матични институции кои не даваат легитимитет на барања што произлегуваат од други институции, а тоа пак, од друга страна, резултира во преземање на активности што се побарани само од страна на матичините институции или другите централни власти.

### 4.1.3. Финансии

Една од најголемите грижи што беше искажана од страна на стејкхолдерите кои учествуваа на тркалезната маса беше фактот што тие не располагаат со доволно финансиски средства за да би можеле да се вклучат во активности или интервенции од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Институционалните стејкхолдери информираа дека нема доволна флексибилност во нивните буџети за кои претходно одлучуваат нивните матични институции. Од друга страна, кај лидерите на заедницата и верските лидери постои недостиг на средства и немање капацитет за менаџирање со фондови. Претставниците на општината, од нивна страна, забележаа дека тие можат да најдат модалитети за финансирање на интервенции од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, со тоа што таквите средства би биле ограничени и земени од средства наменети за други обврски на општината. Од друга страна, организациите на граѓанското општество, што се занимаваат со работи од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или поврзани прашања, изјавија дека финансиите не се нивната најголема грижа, односно посочија кон потребата од поголема институционална поддршка и обуки за градење на капацитети.

Во текот на тркалезните маси, националниот координатор за спротивставување на насилниот екстремизам и контратероризам, како и двајцата заменици координатори, ги уверија стејкхолдерите дека донаторите се заинтересирани да финансираат локални иницијативи. Во исто време, тие појаснија дека за добивање на финансиски средства потребно е претходно да се развие локален план за имплементација што ќе биде во согласност со Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам. Во неколку општини беше побарано донаторите да се консултираат со заедниците за нивните потреби и приоритети пред тие да почнат со планирање на интервенциите.

## 4.2. Меѓуагенциска соработка

Најтешкиот сегмент што треба да се адресира при промовирањето на еден мултистејкхолдерски пристап претставува меѓуагенциската соработка. Иако е тешко да се реализира таква соработка независно од тоа за каква тематска област станува збор, во случајот со спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам уште е потешко да се реализира меѓуагенциска соработка поради фактот што оваа област традиционално е поврзана со секуритизацијата. За да ја разберат нивната улога во процесот на адресирање на насилниот екстремизам имаа тешкотии особено оние локални институции што се дел од општините во кои претходно не биле спроведени иницијативи од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а тоа беше констатирано при процесот на самото контактирање на институциите во текот на подготовките на тркалезните маси. Како резултат на тоа, тркалезните маси служеа како одличен форум за дебата, за зголемување на свеста, за кршење на табуа за теми од областа на секуритизацијата, како и за промовирање на соработката и вклучувањето на заедницата во процесите.

На тркалезните маси беа споделувани добри практики и лекции што претходно биле научени од  други мултистејкхолдерски тела формирани за адресирање на различни прашања. Генерално, институциите немаа никакви критериуми за делегирање задачи или за назначување на соодветен кадар во такви комитети или тела. Освен тоа, фактот што одредени членови немале соодветна експертиза ја поткопа кредибилноста и функционалноста на таквите напори. Ваквата состојба беше дополнително влошена како резултат на политичката поларизација што постои во рамките на релевантните институции бидејќи експертите таму, кои имаат познавања од нивните области, не се унапредуваат да работат во мултистејкхолдерски  тела, туку на нивното место се поставуваа други лица на политичка основа.

Тоа што во мултистејкхолдерските тела не постои хиерархија и директна врска преку која кадрите би ги известувале своите претпоставени за активностите што тие ги преземаат води кон состојба во која никој не одговара за преземените активности. Членови на такви тела известија за тоа дека тие не добивале поддршка од страна на нивните раководители од причина што самите тие не можеле да ја препознаат превентивната надлежност на телото, легитимноста на заклучоците и одлуките што произлегуваат од таквите мултистејкхолдерски тела.

Недостатокот на поттици, како што е финансиската компензација за редовно учество во работата на телата, , исто така, беше идентификувано како штетно за мултистејкхолдерските тела. Исто така, и оправдувањето за отсуство од работа беше споменато како проблем што води кон тешкотии во координирањето на средбите.

Постои недостиг на вертикална и хоризонтална соработка во различни области што се поврзани со процесите на спречување и спротивставување на насилниот

екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Учесниците на тркалезните маси забележаа дека локалните институции, генерално, работат во изолирани силоси во општините. Како резултат на тоа, претставниците на овие институции честопати не се информирани за активностите на другите, при што во нивната работа се преклопуваат едни исти прашања, или, пак, самите институции работат со исти фактори. Имајќи ја предвид оваа ситуација, преку примена на мултистејкхолдерски пристап може да се очекува зголемување на свеста и подобрување на соработката со сите фактори.

Дотогаш, во избраните општини во кои се одржаа тркалезните маси биле формирани различни мултистејкхолдерски тела што имале за цел спречување на специфични категории на антисоцијални однесувања, како што се малолетничката деликвенција и други штетни активности поврзани со употребата на алкохол или дрога. Локалните совети за превенција и граѓанските советодавни групи, што, првично, беа промовирани од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беа споменати како позитивни примери на превентивни механизми што постојат и функционираат во некои општини. Сепак, во различни општини се појавија многу предизвици во поглед на воспоставувањето на целосно функционални превентивни механизми. Од најважните предизвици учесниците посочија на потребата од процена на неодржливите механизми и прибирање на информации по однос на тоа зошто таквите тела престанале да функционираат, како основа за подобрување на дизајнот на идните можни превентивни механизми за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

## 4.3. Координација помеѓу централните и локалните власти

Распределбата на одговорностите и механизмите за интеракција помеѓу локалните и централните власти е регулирана во согласност со начелата утврдени во Европската повелба за локална самоуправа. Во клаузулата за општа надлежност се прецизира дека според законот распределбата на овластувањата и одговорностите оди заедно со признавањето на овластувањето на локалните власти да можат да интервенираат во кое било прашање од локален интерес. Во согласност со ова, учесниците на тркалезната маса имаа став дека општините се најдобро поставени да поддржат превентивни механизми и други иницијативи од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам што би се темелеле на мултистејкхолдерски пристап.

Претставниците на општините изјавија дека за да можат таквите иницијативи правилно да функционираат потребно е централната власт да воспостави соработка и да обезбеди обука за градење на капацитети. Како најголеми предизвици во поглед

на тоа тие да можат да направат напори за насочување на нивната работа во нова област, како што е спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, тие ги идентификуваа приоритетите на националните и локалните институции, кои се разликуваат, како и тоа дека тешко е да се побараат и извршат буџетски измени. Постоеше консензус кај сите локални институции во избраните општини дека таму треба да се воспостави национална поддршка (од горе надолу/ top-down) во поглед на сите чувствителни области, а особено за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Локалните институции, исто така, известија за потешкотии во распределбата на време и ресурси и за неможноста да спроведуваат акциски планови кога проблемите на локално ниво не се одразуваат и во националните акциски планови.

Откако, порано оваа година, Мисијата на ОБСЕ во Скопје одржа јавни консултации за Националната стратегија и Акцискиот план за спротивставување на насилниот екстремизам, Скопје и Тетово беа двете најрасположени и најприемчиви општини за организирање на тркалезни маси за кои сега дискутираме во овој Извештај. Ова покажува дека инклузијата на сите стејкхолдери во носењето одлуки на локално ниво промовира одобрување кај заедницата во насока на нејзино заложување за акциски план на национално ниво, бидејќи со таквиот план се адресираат локалните динамики и незадоволства на заедницата.

Од своја страна, централните власти ги препознаваат општините како институции што играат клучна улога со нивното поврзување со граѓаните. Учесниците на тркалезните маси препорачаа централната власт да размисли за развој на механизми за интеграција составени од повеќе стејкхолдери кои би спроведувале активности од областа на  управувањето со политики и регулативи што имаат одредено влијание врз општините, а особено активности од областа на оние политики што можат да задираат во чувствата на заедницата.

Недостигот на хоризонтална и вертикална комуникација беше споменат како причина за пасивност на институциите и немањето на активности во насока на спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. За успешно спроведување на политиките најважно е да постои постојана меѓуинституционална комуникација, од причина што таа оди во прилог на подобро разбирање на политиките и овозможува вршење мониторинг, давање помош, советување и консултирање доколку се јави одреден спор. Како резултат на тоа, националните институции треба да одржуваат регуларни брифинзи со цел да се информираат релевантните стејкхолдери на национално и локално ниво за стратешките активности што се преземаат за адресирање на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Исто така, беше предложено да се спроведува постојана обука на стручните лица кои работат на полето на спречување на насилен екстремизам од причина што со единичните обуки не се обезбедува давање соодветна поддршка и насоки во

процесот на справување со феноменот на насилен екстремизам. Ваквото барање за таква обука беше најчесто споменувано кај едукаторите и стручните училишни кадри кои укажаа на досега несретнатата потреба за постојан стручен развој од областа на спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и други антисоцијални однесувања. Иако општините имаат општа надлежност во поглед на образованието, Бирото за развој на образованието е тоа што одобрува промени во наставните активности, а ова дополнително укажува на потребата од мултистејкхолдерски пристап кон спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Истражувачите се соочуваат со потешкотии при добивањето на податоци и статистички податоци во врска со насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а кои податоци се, главно, класифицирани. Државните институции, исто така, имаат потреба од статистички податоци за правилно планирање на стратегии и акциски планови. Идеално, потребните податоци би можеле да бидат прибирани локално од страна на истражувачите кои ќе бидат во комуникација со практичарите и локалните стејкхолдери, а потоа податоците би можеле да бидат споделувани со националните координативни тела. Такви напори беа споменати од страна на претставници на граѓанското општество кои имаат искуство во креирање на мрежи на практичари кои работат во една иста област. Сепак, локалните институции, општините и актерите на централната власт посочија на предизвици во воспоставувањето на рамка за соработка, особено кога станува збор за вертикална и хоризонтална соработка.

Општо земено, неуспехот на локалните институции да ја препознаат нивната улога во превенцијата ги поткопа институционалните одговори во поглед на процесот на адресирање на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Општата перцепција на повеќето локални институции е дека штом се појави проблем, тие треба да дејствуваат со цел да ги ублажат штетите и да ги адресираат последиците. Само неколку општини, кои имале претходно видено добри практики и резултати од примената на мултистејкхолдерски пристап, беа расположени и подготвени да го адресираат насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам преку учество во слични координирани и мултистејкхолдерски тела. Генералниот консензус на учесниците на тркалезните маси е во насока на тоа дека треба да се сработи повеќе за да им се овозможи на институциите да можат да ги поддржат иницијативите за превенција на локално ниво, како и на тоа дека координацијата на активностите што се преземаат на централно и локално ниво е клучен фактор за операционализирање на стратегиите и акциските планови за спротивставување на насилниот екстремизам.



# 5. НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ШТО СЕ ПРЕПОРАЧУВААТ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПРОГРАМИ ОД ОБЛАСТА НА С/СНЕРВТ

Во ова поглавје се претставени клучните препораки за најдобри практики што можат да се применат за дизајнирање и спроведување на програми за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Препорачаните најдобри практики произлегуваат од увидот што го имавме и научените лекции од наодите до кои дојдовме преку тркалезните маси, а кои наоди беа разгледани како една целина.

1. **Заземете се за широка мултистејкхолдерска соработка користејќи сеопфатен општествен пристап.** Спојте ги релевантните стејкхолдери од граѓанското општество и различните институционални сектори на начин на кој, особено, ќе се обезбеди вклученост на практичарите кои имаат искуство во спречување на други форми на насилство и ризични социјални однесувања. Со ваквиот пристап се препознаваат општествените корени на феноменот на насилен екстремизам и се овозможуваат рани интервенции и неприсилни решенија кога имаме случаи во кои поединци или заедници се изложени на ризик при адресирање на факторите што водат кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

2. **Креирајте програми приспособени на локалниот контекст со тоа што ќе дадете приоритет на решенијата за кои постои вистинска потреба.** Секоја општина има свој посебен контекст и свои предизвици што оневозможуваат

примена на еднообразен пристап што би се применил за спроведување на Националната стратегија и Акцискиот план. Треба да се изврши процена на локалните потреби при што самата процена треба да содржи анализа на сите форми на феноменот на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и на ресурсите што можат да се употребат за негово спречување. Напорите треба да се прават на начин на кој тие ќе се надградуваат во рамките на постојните капацитети и програми на локалното граѓанско општество.

3. **Дајте им на локалните стејкхолдери директен удел во програмите од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.** Промовирајте вистинско зајакнување на локалните фактори преку нивно консултирање и учество во процесите на носење одлуки; олеснете ја инклузијата на недоволно застапените маргинализирани групи како што се малцинските заедници, младината, жените, а кои, исто така, би можеле на маса да стават различни ставови и потреби.

4. **Применете конфликтно - чувствителни леќи во процесот на планирање и дизајнирање на програми.** Разберете ги локалните динамики и чувствителности околу меѓуетничките, верските и политичките поделби што предизвикуваат тензии и недоверба, како и потребата од градење доверба меѓу граѓаните и институциите (како што се институциите задолжени за спроведување на законот). Направете чекори за промовирање на градење доверба и зајакнување на дијалогот во заедницата за чувствителни прашања поврзани со насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Таму каде што е возможно тоа, настојувајте да ги адресирате наследените проблеми, како што се националните конфликти и незадоволства на заедницата, како фактори што можат да водат кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

5. **Приоритизирајте го почитувањето на човековите права и начелото да не се прави штета.** Од огромна важност е да се спроведе детална анализа на ризиците во процесот на дизајнирање на проектот, а со која анализа би се имало за цел да се намали можноста од ненамерна стигматизација или кршење на човековите права и фундаментални слободи, како што се слободата на религија или верување. Осигурете се дека не се прават несразмерни напори од областа на спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам со одредена етничка или верска заедница со цел да се избегне толкувањето дека со таквите напори се врши профилирање или дискриминација на одредена група. Кога се работи со деца и адолесценти потребно е да постои професионална етика и заштитни мерки со кои би се штителе специфичните права и благосостојба на лицата од овие групи преку спречување на изложеност на непотребна стигматизација.

6. **Осигурете се дека решенијата за спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам се насочени кон луѓето.** Напорите треба да се фокусираат на зајакнување на заштитните фактори што одат во прилог на создавање на отпорни заедници и поддржување на благосостојбата на поединците. Со претерано секуритизирани пристапи се ризикува да се поткопаат партнерствата со заедниците и институционалните стејкхолдери од причина што таквите пристапи се фокусираат на детекција на опасности наместо на адресирање на основните фактори на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и давање на потребната поддршка на ранливите поединци. Треба да се посвети внимание во насока на почитување на независноста, нормативните вредности и стручните заложби на практичарите во граѓанското општество, образованието, верските институции, менталното здравје и социјалната заштита.

7. **Бидете претпазливи околу прераното вклучување на органите задолжени за спроведување на законот.** Процесот на градење на партнерства помеѓу полицијата и заедницата, што би се темелеле на меѓусебна доверба и соработка, прво, бара негување на одржливи врски со текот на времето, а кои врски би биле воспоставени пред да се ангажираат локалните заедници во високо чувствителни прашања од областа на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам со цел да се избегнат недоразбирањата и стигматизацијата. Во оние случаи каде има ранливи поединци, вклучувањето на полицијата во некривичниот простор, кога не постои веродостојна закана, може да доведе до стигматизација и да го оттурне поединецот уште подалеку на патот кон радикализација.

8. **Координирајте ги напорите што се преземаат од страна на централната и локалната власт и меѓународната донаторска заедница.** Презаситеноста со активности и посветеноста на несразмерно високо ниво на внимание кон спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам може да резултира кај одредена заедница да се јави поместување на другите важни прашања. Таквата ситуација, пак, може да резултира во таргетирана стигматизација и преоптоварување на ресурсите.

9. **Инкорпорирајте родови аспекти во дизајнот на иницијативи за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.** Промовирајте значајно зајакнување на жените при оформувањето на напори за спречување на насилство преку создавање на вистински можности со преобразувачка улога во општеството. Избегнете да го инструментализирате учеството на жените со цел да промовирате одредена безбедносна агенда, а притоа настрана да ставите други работи што предизвикуваат загриженост, како што тоа е

унапредувањето на правата на жените. Осигурете се дека со напорите да се вклучат жените во спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам не се зајакнуваат традиционалните родови улоги, стереотипи и нееднаквости, како и тоа дека истите не се подложуваат на дополнителен ризик.

10. **Осигурете ја одржливоста на иницијативите за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.** Искористете ги постојните превентивни механизми таму каде што тоа е возможно и инкорпорирајте ги научените лекции и добри практики при создавањето на нови механизми. Основајте рамка за соработка помеѓу стејкхолдерите со тоа што ќе ги опишете улогите и каналите за комуникација и истовремено ќе обезбедите соодветни поттици и поддршка во насока на осигурување на постојан ангажман. Таму каде што е возможно тоа, настојувајте да ангажирате стејкхолдери кои покажуваат јасен интерес и заложба за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.



# 6. БИБЛИОГРАФИЈА

Совет на Европа. Европска повелба за локална самоуправа. Серија на европски договори – бр. 122, октомври 1985 година, достапно на: https://rm.coe.int/168007a088

Национален комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам, Влада на Република Северна Македонија. Национална стратегија за контратероризам за 2018-2022 година. 2018 година, достапна на:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/cve_national_strategy_eng_translation_sbu.pdf

Њуман, Петер. Спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ. Организација за безбедност и соработка во Европа. Септември 2017 година, достапно на https://www.osce.org/chairmanship/346841?download=true

Организација за безбедност и соработка во Европа. Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Осврнување на Југоисточна Европа, август 2018 година, достапно на: https://www.osce.org/secretariat/400241?download=true

———.Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Совладување на предизвиците и заштита на човековите права: Водич за Југоисточна Европа, април 2019 година, достапен на: https://www.osce.org/secretariat/418274?download=true.

# АНЕКС: ИЗВЕШТАИ ЗА ОДРЖАНИТЕ ТРКАЛЕЗНИ МАСИ ВО ОПШТИНИТЕ

## ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА ЧАИР (26 ноември 2018 година)

Општина Чаир се смета како една од општините во Република Северна Македонија што претставува упориште на верска и националистичка радикализација. Дури и пред конфликтот од 2001 година, но особено по неговото завршување, проблемот со меѓуетничките и верските поделби не беше успешно разрешен, што создаде плодна почва за појава на верска и етничка радикализација која води кон насилство. Постоеше јасен консензус кај присутните дискутанти дека треба многу да се стори за да се направи Чаир безбедно место отпорно на радикализација. Кревките односи во заедницата придонесоа кон верска нетолеранција помеѓу двете најголеми верски заедници во општината – муслиманите и православните христијани. Исто така, непријателството помеѓу локалните членови на спортските навивачки групи, за кои постои историја на етничка и верска омраза, ги прави Општина Чаир и околните општини помалку безбедни и склони кон меѓуетнички и меѓуверски судири. На крајот, сегрегацијата во училиштата претставува еден од движечките фактори што придонесува кон радикализација која води кон насилен екстремизам.

### Зајакнување на граѓанското општество и споделување на најдобри практики

Во поглед на зајакнувањето на граѓанското општество и споделувањето на најдобри практики на ниво на заедница, претставниците на Организацијата на граѓанското општество забележаа дека постои јасна потреба од создавање на статистичка база на податоци што ќе ги содржи странските терористички борци (СТБ) кои се имаат вратено во Република Северна Македонија. Оваа база на податоци треба да биде достапна за истражувачите и професионалците за истражувачки цели. Претставници од локалните организации на граѓанското општество, исто така, ја истакнаа потребата од подобрување на соработката со Меѓународната заедница со цел да се организираат олеснети дискусии со спортските навивачки групи на општинско ниво, со оглед на тоа дека на територијата на Општина Чаир биле извршени повеќе кривични дела на националистичка или етничка основа од страна на членови на овие групи. На крајот, од страна на локалните медиумски претставници беше забележано дека организациите на граѓанското општество треба да соработуваат со локалните институции и заедници, како и со меѓународните организации, со цел да се зголеми свеста за критичкото размислување, медиумската писменост и промовирањето на демократската култура.

## Медиуми (со акцент на локалните медиуми)

Локалните новинари го истакнаа значењето што го имаат националните и локалните медиуми, при што забележаа дека медиумите имаат одговорност да известуваат внимателно, на избалансиран и несензационалистички начин, со цел да не се поттикне насилство и радикализација кои водат кон насилен екстремизам.

## Градење на доверба помеѓу локалната заедница и институциите задолжени за спроведување на законот од аспект на превенција - институционални механизми

Лидерите на локалната заедница и претставниците на Националниот комитет за спротивставување на насилниот екстремизам и контратероризам ја истакнаа потребата од правење на понатамошни напори во насока на градење на доверба помеѓу локалните заедници и агенциите задолжени за спроведување на законот. Особено беше забележано дека постои потреба од долгорочни и одржливи решенија. Повеќе стејкхолдери се согласија дека полицијата треба да биде вклучена во рамката на потенцијалните механизми за упатување само во краен случај како последно средство, главно, поради нејзината репресивна природа. Освен тоа, улогата што институциите задолжени за спроведување на законот ја имаат во креирањето на локалните превентивни механизми и треба внимателно да се разгледа.

## Локална самоуправа, локални заедници и други локални стејкхолдери

Неколку дискутанти забележаа дека сите локални стејкхолдери треба да вложат напори да се спречи стигматизирањето на одредени етнички, верски или политички групи бидејќи тие се поврзани со радикализација и насилен екстремизам. Ова е од најголемо значење за етнички и верско мешаните општини како што е и Општината Чаир. Претставници на организацијата на граѓанското општество споменаа дека локалните совети за превенција што се основани во Општина Чаир треба да ги интензивираат нивните активности и да го следат одблизу феноменот како што се радикализацијата и насилниот екстремизам. Неколку младински активисти укажаа на тоа дека Општина Чаир треба да вложи средства за отворање на младински центар и истиот да го направи место за дружење на младите. Истите дискутанти укажаа на тоа дека Општина Чаир треба да се надградува на позитивното искуство на Општина Тетово со цел да ги охрабри младите да волонтираат и да обезбеди простор и средства за младите луѓе да можат општествено да се ангажираат за да бидат покреативни. Како лидерите на граѓанското општество, така и општинските претставници споменаа дека младинските организации на политичките партии треба повеќе да се ангажираат на локално ниво како стејкхолдери што можат да придонесат за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и

радикализација кои водат кон тероризам. Овие исти групи на дискутанти, понатаму, забележаа дека јавните и политички службеници треба да покажат поголема чувствителност кога се користат верски и етнички симболи, имајќи го предвид мултиетничкиот карактер на македонското општество, како и мултиетничкиот и мултиконфесионален карактер на Општина Чаир. На крајот, имаше консензус дека секој вид на националистички испад треба јавно да се осуди и санкционира.

## Локални верски лидери

Повеќе дискутанти од различни професионални средини се согласија дека локалните верски лидери, кои уживаат почит во нивните локални заедници, треба активно да влијаат врз граѓаните за да се избегне радикално толкување на религијата од нивна страна. Претставници од верските заедници дадоа неколку примери за тоа како локалните верски лидери одиграле позитивна улога во спречувањето на верска радикализација во земјата. Претставник на Македонската православна црква (МПЦ) се повика на позитивен пример во кој верската заедница се има приближено до една добро позната спортска навивачка група од Скопје. Иако средбата сè уште не се случила, воспоставувањето комуникација и подготвеност да се разговара за позитивните морални вредности меѓу црквата и оваа навивачка група, која е добро позната по тоа што поттикнува насилни инциденти врз основа на етничка и верска нетрпеливост, во голема мера беше поддржано од страна на дискутантите на тркалезната маса. Дискутантите се согласија дека врз основа на претходните позитивни примери, верските заедници треба да вложуваат напори за соработка со спортските навивачки групи со цел промовирање на позитивни морални вредности. Разговарајќи за меѓуверскиот дијалог на локално ниво, претставниците од Македонската православна црква и Исламската верска заедница (ИВЗ) се согласија дека иако постои меѓуверски дијалог во заедницата, сепак, тој треба да се зајакне, особено на локално ниво преку заеднички активности. Претставниците на двете верски заедници споделија примери на несреќни настани што се случиле на територијата на Општина Чаир кога локалните проповедници биле вербално нападнати од страна на верници од друга религија, како и изолирани инциденти кога местата на богослужба биле вандализирани на територијата на Општина Чаир. На крајот, претставник на Исламската верска заедница сподели добра практика што била имплементирана во неговата организација во форма на систем на контрола на внатрешниот квалитет на работата на имамите и административниот кадар. Речиси сите коментираа дека и другите верски групи, исто така, треба да ја прифатат и спроведат оваа добра практика со цел да се спречи погрешно толкување на верското учење.

## Образование

Дискусијата за образованието во голем дел се фокусираше на предизвиците што произлегуваат од испреплетеноста на религијата и образованието. Наставниците,

училишниот кадар за поддршка на образовниот процес, како и претставниците на општините се согласија дека има потешки случаи во кои вработени во одредени училишта поттикнуваат радикално однесување и екстремистичко расудување и дека таквите случаи веднаш треба да бидат санкционирани. Тие се согласија дека претставниците на граѓанското општество, како и локалните институции, треба да работат на залагање за институционализирање на обуки и работилници за училишните работници кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти - учениците, како тие што веќе се воведени од страна на ОБСЕ и Центарот за истражување и креирање на политики. Претставниците на верските заедници понатаму посочија дека врз основа на позитивните искуства од часот по Етика во религијата, образовните институции треба да размислат за воведување на овој час во седмо, осмо и деветто одделение во основните училишта. Дискусијата подоцна се префрли на условите за работа и безбедноста на училишните работници кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти - учениците. Сите дискутанти се согласија дека условите за работа на овие училишни работници веднаш треба да се подобрат и дека нивната безбедност треба постојано да се гарантира. Некои од наставниците дискутираа за негативните ефекти од етничката сегрегација во училиштата во Општина Чаир. Тие посочија дека под покровителство на Министерството за образование и наука треба да се применат мерки за интеграција, насочени кон мултиетничка интеграција и градење на доверба. Овие активности треба да бидат одржливи и не треба да зависат од меѓународно финансирани проекти што се временски ограничени. Освен тоа, училишните работници, кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти - учениците, укажаа дека со честите состаноци меѓу родителите и наставниците може дополнително да се зајакне улогата на двајцата актери (родител - наставник). Според нивното мислење, ваквата размена на идеи може да спречи случаи на радикализација што водат кон насилен екстремизам. Училишните кадри кои даваат поддршка во образовниот процес, како и претставниците на општините, коментираа дека стручните служби во училиштата би требало внимателно да ги следат асоцијалните студенти, учениците кои се соочуваат со потешкотии во следењето на предметните материјали и учениците кои доаѓаат од нефункционални семејства. Овие три групи на ученици можат да бидат поподложни на радикализација и насилно однесување. Многу стејкхолдери се согласија дека функцијата на родителските совети треба да се зајакне во насока на тоа таквите совети да можат да продолжат да ја играат клучната улога на координирање и информирање на родителите за развојот на нивните деца. Оваа препорака беше јасна во согласност со предлогот дека родителите и училишните работници кои работат директно со учениците треба почесто да комуницираат меѓу себе и да разменуваат информации. На крајот, училишните работници, кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти – учениците, забележаа дека образовните власти треба да влезат во процес на реформирање на наставните програми во основното и средното образование со цел да се создаде повеќе простор за воннаставни активности.

## Социјална заштита и ментално здравје

Последната тема што беше дискутирана во текот на тркалезната маса беше улогата на институциите за социјална заштита и ментално здравје во процесот на спречување на радикализацијата која води кон насилство. Еден од дискутантите, обучен психијатар, коментираше дека семејното насилство би можело да охрабри насилно и екстремистичко однесување кај младите поединци. Во насока на правење напори и спречување на што е можно повеќе такви случаи, силно беше прифатено дека граѓанското општество треба да соработува со државните институции, како што се центрите за социјална работа. Тркалезната маса беше завршена со дискусии на претставници на училишниот кадар кој дава поддршка во образовниот процес, кои истакнаа дека центрите за социјална работа целосно треба да ги искористат своите законски надлежности и тесно да соработуваат со основните и средните училишта со цел да се спречи радикализацијата која води кон насилен екстремизам.

## Препораки и заклучоци

- Постои јасна потреба од креирање на статистичка база на податоци што ќе содржи информации за странските терористички борци и што ќе биде достапна за истражувачите и професионалците за истражувачки цели;
- Граѓанското општество треба да биде партнер и да соработува со локалните институции и заедниците, како и со меѓународните организации, со цел да се зголеми свеста за критичкото размислување, медиумската писменост и промовирањето на демократска култура;
- Претставниците на граѓанското општество и Меѓународната заедница треба да се вклучат во комуникација и соработка со спортските навивачки групи;
- Медиумите имаат одговорност внимателно да известуваат, на балансиран и несензационалистички начин, со цел да не се поттикне насилство, радикализација и екстремизам;
- Треба да се вложат дополнителни напори за градење на доверба помеѓу локалните заедници и агенциите задолжени за спроведување на законот. Потребни се долгорочни и одржливи решенија;
- Полицијата треба да биде вклучена во рамките на потенцијалните механизми за упатување само во краен случај како последно средство, главно, поради нејзината репресивна природа. Освен тоа, повеќе внимание треба да се посвети на создавањето на локални превентивни механизми;
- Локалните стејкхолдери треба да вложат напори за да се спречи стигматизирањето на одредени етнички, верски или политички групи дека тие се поврзани со радикализација и насилен екстремизам;

- Локалните совети за превенција што се основани во Општина Чаир треба да ги интензивираат нивните активности и одблизу да го следат феноменот како што се радикализацијата и насилниот екстремизам;
- Општина Чаир треба да вложи средства за отворање на младински центар и истиот да го направи место за дружење на младите;
- Општина Чаир треба да се надградува на позитивното искуство на Општина Тетово, со цел да ги охрабри младите да волонтираат, и да обезбеди простор и средства за младите луѓе да можат општествено да се ангажираат за да бидат покреативни;
- Младинските организации на политичките партии треба да бидат поангажирани на локално ниво како стејкхолдери од областа на спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам;
- Јавните и политички службеници треба да покажат поголема чувствителност кога се користат верски и етнички симболи, имајќи го предвид мултиетничкиот карактер на македонското општество;
- Секој вид на националистички испад треба јавно да се осуди и санкционира. Меѓународната заедница би можела да го олесни процесот на создавање на тело задолжено за мониторинг, а кое би било особено активно во текот на изборните кампањи;
- Локалните верски лидери, кои уживаат почит во нивните локални заедници, треба активно да влијаат врз граѓаните за да се избегне радикалното толкување на религијата;
- Врз основа на претходните позитивни примери, верските заедници треба да вложуваат напори за соработка со спортските навивачки групи, со цел промовирање на позитивни морални вредности;
- Иако постои меѓуверски дијалог во заедницата, тој треба да се интензивира, особено, на локално ниво преку заеднички активности;
- Исламската верска заедница веќе има воведено систем на контрола на внатрешниот квалитет на работата на имамите и административниот кадар. И другите верски групи, исто така, треба да ја прифатат и спроведат оваа добра практика со цел да се спречи погрешното толкување на верското учење.
- Потешките случаи во кои училишни работници (кои директно работат со учениците) поттикнуваат радикално однесување и екстремистичко размислување треба да се санкционираат. Граѓанското општество треба да работи на поттикнување на институционализирање на обуки и работилници наменети за училишните работници кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти – учениците;

- Врз основа на позитивните искуства од часот по Етика во религијата, образовните институции треба да размислат за воведување на овој час во седмо, осмо и деветто одделение во основните училишта;
- Условите за работа на училишните работници кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти – учениците, веднаш треба да се подобри;
- Имајќи ја предвид етничката сегрегација во основните и средните училишта, под покровителство на Министерството за образование и наука треба да се применат мерки за интеграција, насочени кон мултиетничка интеграција и градење на доверба. Овие активности треба да бидат одржливи и не треба да зависат од меѓународно финансирани проекти што временски се ограничени;
- Со почестите средби помеѓу родителите и наставниците дополнително може да се зајакне улогата на двајцата актери (родител - наставник);
- Стручните служби во училиштата внимателно треба да ги следат асоцијалните студенти, учениците кои се соочуваат со потешкотии во следењето на предметните материјали и учениците кои доаѓаат од нефункционални семејства;
- Функцијата на родителски совети треба да се зајакне во насока на тоа таквите совети да можат да продолжат да ја играат клучната улога на координирање и информирање на родителите за развојот на нивните деца;
- Образовните власти треба да влезат во процес на реформирање на наставните програми во основното и средното образование со цел да се создаде повеќе простор за воннаставни активности;
- Училишните стручни служби (психолози, педагози, социолози и др.) постојано треба да бидат ангажирани во работни активности со поранливите ученици со цел да се спречат потенцијалните случаи на радикализација која води кон насилен екстремизам;
- Семејното насилство може да поттикне насилно и екстремистичко однесување кај младината. Во насока на правење напори за спречување на што е можно повеќе такви случаи, граѓанското општество треба да соработува со државните институции, како што се центрите за социјална работа.
- Центрите за социјална работа треба целосно да ги искористат своите законски надлежности и тесно да соработуваат со училиштата со цел да се спречи радикализацијата која води кон насилен екстремизам.

# ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА ГОСТИВАР (21 ноември 2018 година)

Феноменот на радикализација не е најдобро познат во Општина Гостивар и учесниците на тркалезната маса забележаа дека треба почесто да се дискутира за него, особено затоа што радикализацијата е сложено прашање што може да биде присутно во повеќе форми. Претставниците на заедницата во Општина Гостивар се свесни дека е опасно да се категоризира, генерализира или поврзува феноменот со една етничка група или религија. Исто така, учесниците ги идентификуваа следните фактори кои придонесуваат за појава и ширење на таквиот феномен во нивната општина:

- Политичката ситуација и постојната поларизација не треба да се занемаруваат бидејќи тие можат да поттикнат прифаќање на порадикално однесување;
- Пописот што се спроведува, а, притоа, без да се идентификува етничката припадност на граѓаните, се смета како проблематично, особено во ромската заедница;
- Неуспевањето да се препознае проблемот како значаен, игнорирањето на истиот или неуспевањето да се препознаат неговите различни форми, исто така, може да влијае за ширење на феноменот на незабележлив начин.

## Зајакнување на организациите на граѓанското општество и на соработката на ниво на општество, како и споделување на добри практики

Учесниците се согласија дека постои потреба од дебата за да можат да се идентификуваат проблемите и причините за појавата на насилство. Превентивни активности можат успешно да се испланираат во насока на справување со феноменот само доколку се знае каде се наоѓаат корените на радикализацијата. Улогата на религијата во процесот на спречување на радикализацијата што може да доведе до насилен екстремизам е многу посебна за претставниците на верските заедници, при што другиот дел од заедницата ја препознава потребата од нивно вклучување на две нивоа: (i) работење со семејства и (ii) едукација на младите и нудење алтернативни толкувања на радикалното учење. Теолозите, најпрво, треба да им приоѓаат на семејствата затоа што некои проблеми произлегуваат, главно, од семејните односи при што верските водачи треба да работат со нив. Од аспект на едукација, имамите постојано имаат образовна улога и секогаш кога се јавува општествен проблем во џамиите, тие поминуваат 10-15 минути предавајќи етика и морал пред да ја одржат молитвата. За таа цел, учесниците разговараа за можноста имамите да ги користат предавањата за време на петочните молитви специјално за да проповедаат дека радикализацијата и насилниот екстремизам претставуваат феномен.

Беше признаено дека е важно верското учење да ги опфати и жените во

исламските колеџи. Улогата на мајките досега е најголема бидејќи тие можат да ги реконструираат радикалните толкувања на религијата и/или, преку разговор со децата, тие можат да отелотворат вредности што се спротивни на радикалните идеи. На овој начин, жените можат да дејствуваат како моќни фактори во спречувањето на радикализацијата. Сепак, работата на организациите на жените покажува дека гостиварската заедница има доста насилна култура и дека таму насилството, генерално, потекнува од семејството. Кога станува збор за насилство, жените се позаинтересирани да земат активно учество за негово спречување за разлика од мажите. Поради тоа, се заклучи дека е неопходно кај верските заедници да се работи со мажите со цел тие да бидат поактивни во спречувањето на појавите на насилство во нивните семејства и во заедницата.

Бидејќи државната администрација не може самата да се справи со насилниот екстремизам, потребен е сеопфатен пристап на целата заедница. Таквиот пристап се операционализира преку ангажирање на различни делови на општеството во различни институционални форми, како што е Младинскиот совет кој е активен во Гостивар, но кој работи со ограничени финансии. Со оглед на тоа дека со буџетот на Советот може да се покрие спроведување на 2-3 проекти на годишно ниво, се оценува дека со еден таков буџет не може доволно да се придонесе за градење на отпорна младина и спречување на насилен екстремизам. Од друга страна, составот на Младинскиот совет ги има сите предуслови тој да стане важен актер за справување со факторите кои придонесуваат за радикализација, а тоа е така бидејќи во него добро се застапени сите етнички групи, неговите активности поттикнуваат мултикултурно разбирање и промовираат соработка во насока на справување со етничката поларизација и подобрување на меѓуетничките односи. Во Општина Гостивар, локалната заедница се гордее со тоа што кај нив се негува културата на почитување на различностите, што, меѓу другото, резултира во способноста на многумина да ги зборуваат јазиците на другите заедници. Насилството, речиси, е отсутно во Општина Гостивар, но учесниците идентификуваа дека кај нив преовладува политичкото насилство. Говорот на омраза е широко распространет и се користи како на етничка, така и на верска основа, а тоа укажува на потребата за подигање на свеста и градење на капацитети за медиумска писменост.

Младинските организации, со нивните активности, се од фундаментална важност за процесот на развивање на отпорност, толеранција и мултикултурна атмосфера кај младите. Младинските организации и организациите на граѓанското општество, кои работат со младината во Општина Гостивар, спроведуваат активности поврзани со градење на капацитети, неформално и финансиско образование, запознавање со политичкото менаџирање, лидерски вештини и креативно размислување. Тие организираат семинари, средби и настани, при што нудат многу активности со кои младите во општината се чувствуваат како активни и вклучени во општествениот живот, со што се обезбедуваат одржливи алтернативи на прифаќањето на радикални идеи и се оневозможува нивно приклучување во насилни екстремистички активности.

## Институционални механизми за градење отпорност и зајакнување на јавната безбедност

Поради политичката состојба во Советот, поделбите и проблематичната кохабитација помеѓу мнозинството во Советот и градоначалникот, општината не донесува важни одлуки што се релевантни за градење на отпорност и спречување на радикализација. Учесниците на тркалезната маса забележаа дека нема консензус за вработување на повеќе психолози и педагози, при што изјавија дека тоа е штетно за способноста на училиштата да можат да идентификуваат и ефикасно да спречат појава на радикализација. Иако општинската администрација планира и предлага проекти, Советот одлучува во корист на многу мал број од нив и издвојува малку финансии за нивно спроведување.

При една ваква тешка состојба, учесниците идентификуваа еден институционален механизам како релевантен за потребите на општината за воспоставување на механизам за градење на отпорност и спречување на насилен екстремизам. Тоа е координативното тело за домашно насилство, воспоставено на доброволна основа и кое функционира без да има сопствен буџет. Сепак, одговорностите и комуникацијата помеѓу различните институции што имаат улога во механизмот се дефинирани со протоколи. Добра практика за механизмот за спречување на насилен екстремизам на локално ниво е да се вклучат одреден број на институции, преку протокол за соработка, што ќе одлучуваат за заедничкиот стратешки план и ресурсите. Понатаму, учесниците посочија дека нема потреба од институционализација бидејќи механизмите на локално ниво можат да функционираат како ад хок групи, сè додека тие имаат јасна мисија и обем на работа, како и експертиза/знаење поврзано со спречување на насилен екстремизам.

Локалниот совет за превенција (ЛСП) во Општина Гостивар не е функционален. Учесниците се пожалија дека овој институционален механизам за превенција немал конкретни активности, укажувајќи на недостаток на професионализација и јасна мисија, како и на протоколи за соработка за спречување на насилен екстремизам, подигнување на свеста, обука и комуникација. Учесниците заседоа став дека без оглед на тоа дали едно постојно тело ќе добие задача или, пак, дали ќе се формира ново тело за спречување на насилен екстремизам, постојните институции треба да се вклучат во истото и нивното разбирање на феноменот и нивната соработка треба да се подобрат.

Учесниците на тркалезната маса забележаа некои од најдобрите практики што би можеле да се искористат за спречување на насилниот екстремизам. На пример, на локално ниво во Општина Гостивар има меѓусекторски тимови кои работат со деца, жени и други жртви на домашно насилство. Покрај тоа што тие се целосно функционални, овие тимови соработуваат со училиштата, полицијата, центрите за социјална работа и здравствените институции. На сличен начин, е потребно да се изготви протокол за меѓусекторска соработка за спречување на радикализацијата која може да доведе до насилен екстремизам. Покрај тоа што

релевантните институции треба да остваруваат комуникација на локално ниво, централизирано тело треба да се поврзе со локалниот механизам за спречување на насилен екстремизам, а самото тело ќе има функција да врши координација и едукација, како и да дејствува во насока на овозможување на ресурси и давање поддршка на локалните тимови. Националниот комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам може да ја преземе таа функција.

Со оперативна поддршка овозможена од страна на Search for Common Ground и финансиски поддржано од страна на Британската амбасада, се планира во Општина Гостивар да се основа акциски тим во заедницата. Овој тим ќе има 3 претставници од различни институции (општината, полицијата и сл.), 3 претставници од заедницата (невладиниот сектор) и претставник на верските заедници, како и 7 заменици. Задачите на тимот ќе вклучуваат подготовка на локален акциски план за спроведување на националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам и следење на спроведувањето на локалниот акциски план.

Учесниците на тркалезната маса се согласија дека училиштата треба да имаат централна улога во рамките на институциите на локално ниво. Со оглед на тоа дека ексклузијата и маргинализацијата се главни фактори, заедно со социоекономската состојба, што можат да доведат одредена млада личност да прифати радикални идеи, а и бидејќи односот родител - ученик е многу неразвиен, учесниците на тркалезната маса заклучија дека постои потреба од поинтензивно работење со наставниците. Учесниците, исто така, забележаа дека односот помеѓу родителите и наставникот страда, што може да се види во отсуството на родителите од родителските состаноци. Мора да се унапредува односот помеѓу наставникот и ученикот со цел учениците да се стекнат со однесувања што се карактеризираат со вршење на активности на учење, но и за самите ученици да можат да пренесуваат вештини и знаења во насока на градење на отпорност против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Претставниците на верските заедници, исто така, се важни за институционалните механизми што се поставени на локално ниво. Важно е преку верското учење да се понудат контранаративи на радикалните наративи кои се шират и предизвикуваат радикално однесување, особено од причина што во Општина Гостивар има групи и форуми кои, со оглед на нивното толкување на религијата, претставуваат плодна почва за појава на насилен екстремизам. Учесниците забележаа дека активностите на овие групи имаат за цел да предизвикаат недоверба кај заедницата во Исламската верска заедница. Од друга страна, постоењето на овие групи е демократски прифатено од страна на Исламската верска заедница, иако таа ги смета за потенцијален ризик. Имајќи ја предвид пролиферацијата на книги со кои се шири екстремизмот, верските претставници, исто така, имаат улога како во процесот на прегледување на објавените книги, така и во процесот на спречување или запирање на циркулацијата на таквите книги со кои се промовира екстремизам. За таа цел, Исламската верска заедница треба да го зајакне својот систем на рецензија.

Во врска со тоа потребно е да се изврши институционализација и акредитација на програми од областа на верското образование од особена причина што досега кај Исламската верска заедница нема доволно свест за верско учење што се одвива надвор од нејзините институции.

## Младите и образованието

Во согласност со националната стратегија, наставниците, педагозите и психолозите имаат потреба од алатки и поддршка за тие да можат успешно да работат со учениците на полето на спречување на насилниот екстремизам. Потребно е да се создадат можности за контакт помеѓу учениците кои доаѓаат од различни заедници, имајќи предвид дека образовниот систем, што се темели на наставен јазик, резултира во физичка сегрегација – понекогаш дури и во форма на присуство на учениците во различни училишни згради. Во отсуство на воннаставни активности во училиштата, треба да се организираат активности во кои младите ќе се среќаваат, социјализираат преку надминување на етничките бариери и ќе се идентификуваат заедничките интереси. Имајќи предвид дека освен училиштето нема доволно услуги што младите би можеле да ги користат за пополнување на нивното слободно време, тие слободното време го поминуваат на интернет, во казина и кафулиња, каде се изложени на секаков вид на содржини, говор на омраза и вредности што лесно можат да резултираат тие да почнат да прифаќаат насилно однесување. Најголем ризик е младите да се здобијат со чувството дека тие не можат да придонесат за ова општество и да се чувствуваат како исклучени и маргинализирани. Овие се сметаат за важни фактори што создаваат погодна средина за појава на насилен екстремизам на долг рок.

Учесниците заклучија дека Министерството за образование треба да ја зајакне својата поддршка што ја дава на стручните училишта бидејќи учениците преку нив се стекнуваат со применливи вештини. Образложението на учесниците за таквиот став беше дека учениците од стручните училишта немале време да се посветат на девијантни активности. Покрај тоа, учесниците на тркалезната маса сметаа дека учениците кои успешно завршиле стручно училиште имаат стекнато вештини што можат да се применат во економијата, овозможувајќи им да заработат за живот. Поради тоа, Министерството за образование и наука треба да го преиспита задолжителното средно образование, со тоа што ќе воведе филтри за да се овозможи транзиција на ученици во средни стручни училишта, а со цел да се намали трендот на запишување во гимназија/општо средно училиште.

## Препораки

- Организирајте културни настани и спортски активности за зајакнување на отпорноста против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон

тероризам, овозможете соработка и простор да бидете контактирани, и намалете ги трендовите на ексклузија и маргинализација;

- Отстранете ја политиката од образованието, екипирајте ги училиштата со стручен кадар за поддршка, обезбедете можности за обуки и алатки во насока на спречување на радикализацијата која води кон насилен екстремизам;
- Изградете самодоверба кај младината за таа да не стане насилна, опремете ја со искуства што ќе ја направат отпорна на насилни идеи, на младите луѓе понудете им услуги на кои тие ќе можат да го трошат нивното слободно време со општествено-продуктивни активности и препознајте ја нивната важност во општеството.
- Извршете мапирање на потребите на заедницата во Општина Гостивар и развијте локален акциски план за имплементирање на Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам со тоа што самиот план ќе опфаќа активности кои се темелат на самите потреби на заедницата.
- Имајќи ја предвид важноста на локалниот економски развој, создавајте работни места за да ги минимизирате факторите на радикализација и да ја подобрите социјалната благосостојба.
- Осигурете се дека активностите за спречување на радикализација и насилен екстремизам се развиваат и спроведуваат во тесна соработка со Општина Гостивар, која е посветена да го кофинансира нивното спроведување.

# ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО (3 декември 2018 година)

За разлика од другите општини во Република Северна Македонија, во Куманово преовладува соработка помеѓу локалната власт и невладините организации. По бунтот од 2001 година, односите помеѓу заедниците беа кревки и луѓето беа поделени, но со заедничката работа на невладините организации и општината, оваа поларизација беше ефикасно надмината. Дури и случајот Дива населба (Диво насеље), генерално, се смета за конфликт на интереси, а не терористички конфликт. Освен за фудбалските навивачки групи, кои поттикнуваат насилство преку нивните националистички слогани, ретко кој во Општина Куманово слушнал за терористички активности или активности поврзани со насилен екстремизам. Истовремено, локалните власти и организациите на граѓанското општество во Општина Куманово немаат доволно искуство за да можат да се справат со спортските навивачки групи и не знаат каков пристап да заземат.

## Зајакнување на граѓанското општество и споделување на најдобри практики

Учесниците во дискусијата потврдија дека процесот на радикализирање на заедницата веќе е започнат во општината. Главниот проблем е тоа што младите не се препознаваат како важен фактор во општествените случувања, иако тие се изложени на најголем ризик од прифаќање на радикални идеологии што можат да доведат до насилен екстремизам. На сличен начин, младите не се сметаат како група која може да игра значајна улога во активностите на радикализацијата, што, исто така, може да доведе до насилен екстремизам. Поради тоа, неопходно е да се вклучат неформални образовни активности и истите да се поврзат со формалното образование, да се олесни една постојана понуда на активности што ќе го исполнува нивното слободно време и да се овозможи самореализација со цел тие да можат да се почувствуваат како важни соработници во заедницата. Образовните институции не можат самите да го спроведат ваквиот пристап. Круцијално е да постои соработка помеѓу локалните власти, училиштата и невладините организации. Пристапот треба да се состои од формална едукативна содржина, услуги (на пример, спортски, младински клубови, тематски секции, натпревари), како и од неформални образовни активности со кои би се придонело за зајакнување на заедницата преку градење на отпорност кај младите што подоцна ќе резултира во спречување на насилен екстремизам.

Вториот фактор што се дискутираше беше маргинализацијата на одредени групи на етничка, социоекономска и верска основа. Ваквата маргинализација создава услови во кои некои лица не можат да се вклопат, што ја олеснува радикализацијата кај лицата што се погрешно разбрани во нивната околина и имаат потреба од поддршка. Поинаку кажано, достапноста на радикални идеологии или групи може да ги инспирира маргинализираните луѓе да се радикализираат и тоа да доведе до насилен екстремизам. Со оглед на фактот дека менталитетот на луѓето во општината е да се сокријат оние кои се радикализирани и да се избегнува јавно да се зборува

за овие проблеми (како што е социјалната ексклузија), со истите проблеми, исто така, се поттикнуваат и други трендови, како што е тоа емиграцијата. На пример, за случајот Дива населба (Диво насеље) никогаш не се дискутираше и тоа доведе неалбанската популација да емигрира од овој дел од градот. Причините за тоа беа непознати, а од своја страна тоа доведе и до дополнителна сегрегација во градот. Евидентна е потребата од градење на доверба преку јавни дебати за различните форми на екстремизам бидејќи учесниците се согласуваат дека во заедницата постојат екстремистички погледи што се сокриени.

По воениот конфликт од 2001 година наваму, во Општина Куманово се одвива процес на градење на отпорност и кохезија на заедницата во соработка со невладините организации. Сепак, сè уште останува потребата од поврзаност и соработка, како и од имање на капацитет за справување со радикализацијата преку градење на отпорност против екстремистичките идеологии. Преку соработка со професионални обучувачи и организации на граѓанското општество, што ќе бидат специјализирани за решавање на овие проблеми, училиштата треба да го претставуваат главниот фокус на таквите активности. Бидејќи проблемот е во тренд, а и од причина што постои голем интерес за тоа, потребна е поголема координација со донаторите за да може да се спречи преклопување на активностите. Покрај училиштата, исто така, потребно е да се зајакнат и капацитетите на невладините организации од областа на образованието за човекови права.

Со цел да се одржи одржливост, потребно е градење на капацитети кај родителите. Главниот извор на омраза доаѓа од семејството, а радикалните идеи, што ги имаат возрасните, се осмислуваат и добиваат правец на движење во текот на нивната младост. Важно е да се подигне свеста бидејќи младите учат за екстремистичките идеологии уште на рана возраст. Родителите треба да се едуцираат и да бидат запознаени со процесот на радикализација со цел тие да можат да ги водат своите деца низ еден идеолошко безбеден простор. Една релевантна и добра практика што е развиена во Општина Куманово за справување со радикализацијата е волонтерството. Сепак, примената на оваа практика е во опаѓање, а тоа, пред сè, се должи на економските причини. Суштината на волонтерската работа е дружење со луѓето и меѓусебно почитување, со тоа што таквата работа нуди можности за самореализација, па така младите волонтери можат да се чувствуваат како да припаѓаат на општество што се грижи за сите. Распоредувањето на младински волонтери во локалните заедници, како активни фактори во процесите на спречување на радикален екстремизам, не се користи доволно. Особено, средношколците би можеле да бидат поангажирани во постојните организации на граѓанското општество.

## Градење на доверба помеѓу заедницата и агенциите задолжени за спроведување на законот, улогата на заедниците во процесот на превенција – институционални механизми

Учесниците во дискусијата имаа став дека во Општина Куманово постои скриен екстремизам и дека општината треба да развие стратегии за секоја институција на локално ниво со цел справување со радикализацијата која може да доведе до насилство. Бидејќи училиштата се клучна алатка против таквата радикализација, потребни се стратегии што ќе се засноваат на училиштата, но потребни се, исто така, и стратегии на ниво на други институции (на пример, болници, театри). Во овие стратегии треба да бидат опишани релевантните процедури и истите треба да укажуваат на начинот на однесување кога радикализацијата ќе почне да покажува знаци на движење кон насилен екстремизам. Тие треба да се развијат во согласност со државната стратегија со цел да се обезбедат насоки.

Овие стратегии треба да имаат холистички пристап и меѓусебно треба да бидат поврзани со другите политики. На пример, еден од факторите што предизвикуваат радикализација е маргинализацијата, а една од причините за маргинализацијата е хроничната невработеност. Со политиките и стратегиите за справување со насилен екстремизам треба да се адресираат последиците што се имаат јавено како резултат на дејството на факторите на радикализација, а самите политики и стратегии треба да се развиваат и имплементираат во насока на задоволување на потребите на заедницата на локално ниво. На пример, планот за вработување, со кој се мери бројот на невработени лица кои имаат завршено средно образование, треба да вклучува методи за вработување на лица со основно или недовршено основно/средно образование, бидејќи со овие луѓе може лесно да се манипулира и истите може да се индоктринираат во радикални идеологии што можат да доведат до насилен екстремизам.

Во процесот на справување со овој феномен, се користат вештини за спречување на говор на омраза што се инструментални, како што тоа се вештините за справување со пост-трауматски стрес, ненасилна комуникација и управување на конфликти. Постојат неколку организации во Општина Куманово што со години работат на вакви проблеми, како што се CSO Trust, Центарот за интеркултурен дијалог, КНАМ и Здружението на жени од Куманово.

Беше заклучено дека медиумите, верските заедници и полицијата можат да играат важна улога во процесите на спречување на радикализацијата. Медиумите немаат адекватно познавање во врска со феноменот и тие не информираат и придонесуваат за спречување на насилниот екстремизам. Од друга страна, верските заедници не ја подигаат свеста за вредноста на взаемното почитување. Тие не се активни во процесите на создавање на контранаративи на радикалните толкувања на религијата, со исклучок на Исламскиот младински форум. Не постои соработка помеѓу верските заедници, и покрај фактот што мобилизацијата е

важен превентивен фактор. Тие не ја признаваат улогата што можат да ја имаат во спречувањето на феноменот и не ги насочуваат сопствените можности и сила кон еден таков процес. Воведувањето на воннаставни активности за поттикнување на меѓуетничка и верска соработка во средните училишта треба да се смета за можност. Улогата на полицијата се рефлектира во нивната работа со семејствата во процесот на запирање на радикализацијата. Со цел ефективно да се постигне ова, заедницата не смее да ги стигматизира оние што соработуваат со полицијата. Одделението за превенција треба да ја зајакне комуникацијата што тоа ја има со учениците во насока на подобрување на довербата помеѓу нив. Добра практика на градење доверба е работата на полицијата во безбедноста на сообраќајот. Овој модел треба да се реплицира за спречување на радикализацијата и насилниот екстремизам.

На локално ниво, веќе има неколку модели на институционална меѓусекторска соработка во поглед на различни прашања, како што е Локалниот совет за превенција (ЛСП), што претставува локално тело за спречување на социјални ризици. Програмата на УНИЦЕФ против насилство во училиштата и проектот на ОБСЕ за безбедни училишта, исто така, се идентификуваат како значајни за справување со насилството. Потребно е да се назначат професионални и мотивирани претставници во Локалниот совет за превенција за тие да можат ефективно да придонесат во процесот на справување со насилниот екстремизам. Исто така, многу е важно владеењето на правото и правдата да се применува на еднаков начин за сите, а не селективно. Општината нема ниту акциски план за спроведување на националната стратегија за спречување на насилен екстремизам, ниту програма за реинтеграција на лицата кои учествувале во ИСИС како странски борци, а достапна е само еднократна парична помош. Со новиот закон за социјална заштита треба да се овозможи интегрирана работа со предметите, а со таквиот начин на работа би можело посоодветно да се одговори на потребите на членовите на заедницата. Според учесниците во дискусијата, мерките за превенција и реинтеграција зависат од месните заедници, од причина што со нив може најдобро да се одговори на потребите на луѓето. Сепак, во согласност со новиот Закон за локална самоуправа, месните заедници немаат статус на правно лице, па поради тоа постои потреба од изменување и дополнување на самиот Закон.

## Образование

Најголемиот предизвик што беше идентификуван во образовниот систем од страна на учесниците е јазичната сегрегација која ја поттикнува поларизацијата во општината. Тековната сегрегација може да се реши преку изградба на нови училишта каде децата би учеле заедно, но засега ова решение е скапо и невозможно да се примени. Во исто време, беше истакнато дека со залагањето и активизмот на невладините организации, преку прекинување на сегрегацијата на ромските деца

во кумановските училишта, успешно се спречи дополнителна маргинализација. Локалните општински институции се советуваат да го унапредат статусот на децата Роми преку промовирање на разбирање помеѓу поголемите етнички заедници и ромската заедница. Покрај тоа, со оглед на ранливата економска состојба на повеќето ромски семејства, трошоците за образование се голем товар за нивните семејни буџети, така што локалните власти треба да најдат соодветни финансиски средства, доколку е возможно тоа.

Решенијата за сегрегацијата што до ден-денес се воведуваат не се системски и во нив интеграцијата, генерално, не се следи како граѓанска вредност. Решенијата, главно, се поддржани со проекти финансирани од меѓународни организации за управување со конфликтни ситуации. За разлика од нив, системските решенија за спроведување на заеднички активности ќе резултираат во запознавање и размена на информации со „другиот". Надградувајќи се на добрите практики на национално ниво на ОБСЕ, локалните службеници треба да ги поддржат организациите на граѓанското општество од регионот во нивните активности насочени кон спроведување на проекти за градење на доверба. Покрај тоа, со воведување на предмети и педагошки методи во наставниот процес дополнително ќе се развијат критичкото размислување, толеранцијата и соработката.

Учесниците во дискусијата заклучија дека форматот што е развиен од страна на ОБСЕ преку проектот „Безбедни училишта", а кој проект има за цел да овозможи соработка на ниво на училиште и на ниво помеѓу училиштата и општината, претставува релевантна можност за воспоставување на модел за откривање и спречување на радикализација преку вклучување на повеќе субјекти . Според тоа, искуството на клубот за медијација треба да се искористи и сподели со други училишта. Посебен акцент треба да се стави на градењето на капацитети и подобрувањето на свеста кај наставниците за феноменот на радикализација што може да доведе до насилен екстремизам, со цел тие да можат да ги обликуваат нивните изјави, однесувања и пораки што ги испраќаат. Треба да се зајакнат педагошките и психолошките активности при набљудувањето на наставниците за да се провери дали тие покажуваат знаци на радикализација и дали тие можат да одговорат на радикалното однесување со соодветна поддршка. Градењето на такви капацитети не се сметаше за тешка задача, особено од причина што наставниците веќе имаат поминато обука поврзана со овој феномен и можат да ги користат новостекнатите вештини на полето на спречување на насилниот екстремизам. Наставниците треба да развијат мерки, методи и активности што ќе ги вклучат во нивните годишни програми за работа, а општините треба да го следат спроведувањето на релевантните мерки.

Важно е да се користи воннаставна содржина во образованието за да се спречи радикализација. Во описите на работата на наставникот се забележува дека тие треба да спроведуваат воннаставни активности, клупски активности, тематски секции, натпревари и други активности што се надвор од стандардната настава во училницата. Сепак, неопходно е да се стимулираат наставниците да ги

спроведуваат овие активности, при што учесниците на тркалезната маса предлагаат наставниците да бидат предмет на евалуација и по однос на овие активности. Покрај тоа, општините имаат улога да помогнат на училиштата во организирањето на бесплатни активности преку нивно поврзување со невладини организации. Одличната соработка што веќе постои помеѓу давателите на професионални услуги и невладините организации претставува многу добра основа за ова. Таквата соработка треба да биде насочена кон активности преку кои ќе се култивираат вредности како што се сочувствувањето, соработката, меѓусебното почитување и емпатијата.

Училиштата имаат потреба од насоки за тоа како да се однесуваат во случај на радикализација и тие мора да бидат поврзани со поширок систем за превенција. Клучно е да се работи со родителите, но постои тренд на недоаѓање на родителите на нивните родителски средби, што резултира во послаба соработка.

## Социјална заштита и ментално здравје

Соработката помеѓу Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјална работа е многу ограничена, што укажува на потреба од соработка и обука што ќе одговара на потребите на граѓаните. Потребно е да се назначи фокална точка во училиштата од каде што ќе се координира со процесот на давање на социјални услуги и ќе се внимава да се запази доверливоста на информациите. Исто така, учесниците на тркалезната маса забележаа дека Општинскиот совет заедно со претставници на советите на родители и Министерството за внатрешни работи практикуваат активности што можат да се применат за спречување на малолетничката деликвенција при проверка на самото место.

## Препораки

- Трендовите можат да се подобрат преку квалитетно образование. Имаме образован наставен кадар со долгогодишно искуство, но треба да се направи многу за да се обучи другиот дел од населението. Тоа обично се прави преку или во соработка со невладините и меѓународни организации.
- Потребно е да се направат измени во образовниот процес во поглед на годишните работни програми – преку самите училишта и општинските совети, како и преку Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука – во однос на наставната програма.
- Мора да се предава настава по религија за да можеме да се запознаеме и да се почитуваме со другите, како и за да го намалиме просторот за радикална девијација и радикално толкување на религијата.

- Постои јасна потреба дека треба да се фокусираме на развивање на социјална кохезија и мултикултурализам.
- Националните стратешки документи треба да се консултираат на локално ниво кога при спроведувањето на активности се применува пристапот „оддолу - нагоре (bottom-up)".
- Постои потреба од систематско прибирање на податоци за тоа какви екстремистички групи се присутни и какви мрежи тие веќе имаат оформено, а податоците ќе претставуваат основа за нивно спротивставување.
- Советот на општината треба да го охрабри образовниот сектор да вклучува активности за спречување на насилен екстремизам во годишните програми на училиштата. Критичкото размислување и одлучување мора да се зајакнат како вештина што ќе се стекнува преку образовниот процес.
- Од клучно значење е да се направи добар избор на лица кои би биле вклучени во механизмот за спречување на насилниот екстремизам со цел да се избегне повторување на грешките со изборот на членови на комисиите за односи со заедниците. Насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам е далеку посериозна работа од кој било друг политички проблем, при што квалитетот на живот на инволвираните луѓе мора да се стави над сè друго.
- Потребно е подобрување на соработката помеѓу властите кои имаат улога и надлежност во спречување на насилниот екстремизам, но и помеѓу граѓаните и организациите на граѓанското општество.

## ТРКАЛЕЗНА МАСА ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА СТРУГА (5 декември 2018 година)

Општина Струга е една од општините во Република Северна Македонија која се смета за лулка на верска и меѓуетничка кохезија. Сепак, и покрај тоа, и тука, на територијата на општината, се јавуваат спорадични испади на верска и националистичка радикализација и насилство. Овие феномени беа најдобро видливи во периодот околу вооружениот конфликт од 2001 година и веднаш по неговото завршување, но и непосредно пред и по новата територијална поделба на општините во 2004 година. Главниот двигател на овие спорадични тензии е организираниот криминал, што најмногу се манифестира преку нерешени убиства на попознати граѓани кои имаат сериозни криминални досиеја, трговија со дрога, трговија со луѓе, шверц, изнуда и концесии со земјиште. Ваквите проблеми сериозно ја разнишаа довербата на граѓаните во централните и локалните институции, особено довербата во органите задолжени за спроведување на законот и судските институции. Постоеше јасен консензус кај присутните дискутанти дека многу треба да се стори за да се направи Општина Струга безбедно место што ќе биде отпорно на радикализација која води кон насилен екстремизам. Учесниците посочија дека недостатокот на инфраструктура претставува еден од главните проблеми што треба да се реши со цел Струга да стане силен град. Општо земено, дискусијата за време на тркалезната маса не беше многу живописна, а постоеше и чувство на страв кај учесниците отворено да зборуваат за некои од прашањата, главно, поради присуството на високи функционери од локалната самоуправа на тркалезната маса.

### Медиуми (со акцент на локалните медиуми)

Претставниците на граѓанското општество, кои сакаа да ја истакнат улогата на локалните и националните медиуми, ја отворија дискусијата. Нашироко беше прифатено дека со оглед на специфичностите на Општина Струга и минатите настани (главно, во однос на меѓуетничките инциденти што се случија по конфликтот од 2001 година и територијалната општинска поделба од 2004 година), медиумите имаат одговорност да известуваат на внимателен, балансиран и несензационалистички начин, со цел да не се поттикнат манифестации на насилно однесување, радикализам или екстремизам.

### Градење на доверба помеѓу локалната заедница и институциите задолжени за спроведување на законот од аспект на превенција - институционални механизми

Дискусијата подоцна се префрли на прашања во врска со градењето на доверба помеѓу локалните заедници и органите задолжени за спроведување на законот, особено од аспект на развивање на институционални механизми за превенција. Со цел да се дистрибуираат нејзините содржини и да се олесни спроведувањето

на Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам, треба да се овозможи постојана и конструктивна комуникација помеѓу Комитетот што е поставен на централно ниво и локалната самоуправа. Ова го истакнаа претставниците на казненопоправната установа во Струга и претставниците на Националниот комитет за спротивставување на насилен екстремизам и контратероризам. Истите соговорници, исто така, се согласија и дека владеењето на правото претставува клучен столб за спроведување на секоја национална стратегија на локално ниво. Поради тоа, со ова се укажа на неопходност од систематски пристап во јакнењето на институциите, почитувањето на законите и спречувањето на селективност во процесот. Само преку примена на „сеопфатен општествен пристап“ може да се дојде до долгорочен успех. Претставниците на граѓанското општество, како и претставниците на Центарот за социјална заштита, истакнаа дека се неопходни дополнителни полициски активности за потиснување на криминалните активности што служат како лош пример за младите. Криминалните активности што се одвиваат на локално ниво придонесуваат за појава на процес на радикализација која води кон насилен екстремизам. Овие стејкхолдери инсистираа да се разјасни серијата на нерешени убиства на локално ниво. Кривичните дела што се дискутираа тесно се поврзани со организираниот криминал: трговија со дрога, проституција, трговија со луѓе и локални концесии на земјиште. Овие појави резултирале во разнишана доверба на граѓаните во локалните и централните институции. Тоа, првенствено, се однесува на полицијата која ужива рекордно ниска доверба кај локалните граѓани во Општина Струга. Неколку пати беше повторено дека враќањето на довербата на граѓаните во локалните и централните институции ќе биде клучниот столб на кој ќе се темели процесот на спречување на радикализацијата која води кон насилен екстремизам. На сличен начин, неколку дискутанти ја заокружија дискусијата со заклучок дека транспарентноста и одговорноста на локалната самоуправа треба да се подобрат за тие повторно да ја добијат довербата на нивните граѓани.

## Локална самоуправа, локални заедници и други локални стејкхолдери

Дискусијата што се водеше на тркалезната маса продолжи на теми поврзани со надлежностите на локалната самоуправа, контекстот во кој локалните заедници оперираат и улогата што другите релевантни локални стејкхолдери ја имаат. Локалните претставници на граѓанското општество се согласија дека треба да се направат дополнителни напори за да се спречи етикетирање и стигматизација на конкретни лица/верски/политички групи и нивно претставување како клучна причина за постоењето на радикализација која води кон насилен екстремизам. Потребен е покохезивен општествен пристап. Социјалните работници, училишните работници кои работат во директен контакт со нивните клиенти - ученици, како и локалните верски водачи ја истакнаа важноста на семејството во процесот на создавање на морални и етички вредности кај младите. Тие повикаа и побараа

сите локални стејкхолдери подлабоко да се ангажираат со цел да се зачуваат и развијат семејните вредности. Претставниците на локалната самоуправа истакнаа дека е неопходно да се испитаат и да се потенцираат недостатоците на процесот на децентрализација што можат да претставуваат пречка за ефикасно спроведување на напорите за спречување на радикализацијата која води кон насилен екстремизам. Од друга страна, беше забележано дека десничарскиот екстремизам поттикнат од „црните блокови" на спортските навивачки групи не е присутен во Општина Струга, а локалните власти треба да продолжат да вложуваат напори со цел да ја зачуваат ваквата стабилност. Училишните работници и претставниците на институциите за социјална заштита, исто така, истакнаа дека спортските активности се од круцијално значење во стремежот да се спречи појавата на насилен екстремизам. Инвестициите во спортската инфраструктура на општините претставуваат најдобра алатка за создавање на плодна почва за одржување на повеќе спортски активности во кои локалната младина би се ангажирала. Поради тоа, потребно е да се издвојат повеќе средства за спортска сала, базен и други слични спортски објекти каде младите би спортувале.

## Локални верски лидери

Следна тема на дискусијата беше важната улога на локалните верски лидери. Сите едногласно и веднаш се согласија дека верските заедници во општината мора активно да се ангажираат во превентивните процеси преку промовирање на позитивни вредности, во согласност со утврденото верско учење. Претставниците на двете најголеми верски заедници заеднички нагласија дека од најголема важност и потреба е да се обнови позитивниот пример од минатото, кога Македонската православна црква (МПЦ) и Исламската верска заедница (ИВЗ) активно ја земаа улогата на медијатори меѓу локалното население преку промовирање на вредности во духот на кохезијата. Тие ги коментираа примерите од пред неколку години кога преку заедничка интервенција на локалните верски лидери беше спречен потенцијален верски конфликт во селото Октиси.  Покрај тоа, неколку стејкхолдери ги прифатија и поддржаа напорите на Исламската верска заедница, која постојано комуницира со своето членство со цел спречување на насилен екстремизам и радикализација. Исто така, во позитивно светло беше претставена и конзистентноста со која Исламската верска заедница се дистанцира од поединци и групи што проповедаат надвор од институциите и џамиите, при што беше забележано дека Исламската верска заедница не може да знае дали таквите лица или групи промовираат насилен екстремизам. Во исто време, беше искажана загриженост поради тоа што Министерството за внатрешни работи не презема доволно активности и не спроведува истрага по поднесената пријава од страна на Исламската верска заедница за радикалното однесување на одредени лица.  И верските лидери и другите соговорници вклучени во дискусијата коментираа дека е потребна подобра соработка помеѓу полицијата и верските заедници.

## Образование

На крајот, дискусијата се префрли од улогата на верската заедница во улогата на образованието во спречувањето на процесите на радикализација и насилниот екстремизам, а се премости кога почна да се дискутира за тоа какви би биле ефектите од изучувањето на верските концепти доколку истите би биле воведени во училишните наставни програми. Локалните верски лидери гласно истакнаа дека часовите по Историја на религии и Етика во религиите се од исклучително значење за децата во нивната рана возраст, односно тие се важни за градење на клима на соживот и разбирање помеѓу младите генерации. Поради таа причина овие часови треба да ги предаваат теолози, кои го имаат потребното искуство и знаење за правилно да го пренесат моралното учење на религиите. Училишните работници, кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти - учениците, коментираа дека институциите за основно образование не се доволно ангажирани во процесите на промовирање на инклузивни и мултикултурни средини за нивните ученици. Тие изразија загриженост дека со ова се создава ефект на прелевање, што подоцна во текот на образованието на младите во средните училишта резултира во напната атмосфера. Постоеше консензуална согласност дека улогата на образованието е клучна во процесот на спречување на појавата на радикализација која води кон насилен екстремизам. Важен предуслов за тоа е да се обезбеди постојано зголемување на нивото на знаење и кај учениците и кај наставниците. Реформите на наставните планови, како и реорганизацијата на вонаставните активности, беа споменати од страна на претставниците на граѓанското општество како некои од начините преку кои би можело да се постигнат овие цели. На крајот, учесниците на тркалезната маса го истакнаа позитивниот пример на Исланд, осврнувајќи се на мешаните патроли, составени од родители и полициски службеници, што имаат за задача да го следат однесувањето на адолесцентите. Покрај тоа, беше истакнато дека најавеното повторно воведување на „маалските полициски службеници - позорникари“ ќе има важна улога во градењето на мирна и кохезивна локална заедница.

## Препораки и заклучоци

- Имајќи ги предвид специфичностите на Општина Струга и минатите настани, медиумите имаат одговорност да известуваат на внимателен, балансиран и несензационалистички начин со цел да не се поттикнуваат манифестации на насилно однесување, радикализам или екстремистички погледи;
- Спроведувањето на Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам треба да се реализира преку постојана и конструктивна комуникација помеѓу Комитетот на централно ниво и локалната самоуправа;
- Владеењето на правото претставува клучен столб за спроведување на секоја национална стратегија на локално ниво. Ова укажува на потребата од

систематски пристап во зајакнувањето на институциите и промовирање на доследно спроведување на законодавството;

- Потребни се дополнителни полициски активности за потиснување на криминалните активности што служат како лош пример за младите. Криминалните активности на локално ниво придонесуваат за појава на процес на радикализација која води кон насилен екстремизам.
- Довербата на граѓаните во институциите е разнишана. Ова, првенствено, се однесува на полицијата која ужива рекордно ниска доверба кај локалните граѓани во Општина Струга. Потребно е да се подобри транспарентноста и одговорноста на локалната самоуправа со цел таа повторно да може да ја добие довербата на нејзините граѓани;
- Потребно е да се направат дополнителни напори за да се спречи етикетирање и стигматизација на конкретни лица/верски/политички групи и нивно претставување како клучна причина за постоењето на радикализација која води кон насилен екстремизам.
- Имајќи ја предвид важноста на семејството во процесот на создавање морални и етички вредности кај младите, потребен е подлабок ангажман на сите локални стејкхолдери;
- Потребно е да се испитаат и да се потенцираат недостатоците на процесот на децентрализација што можат да претставуваат пречка за ефикасно спроведување на напорите за спречување на појавите на радикализација која води кон насилен екстремизам;
- Изопачениот феномен на десничарски екстремизам поттикнат од „црните блокови" на спортските навивачки групи не е присутен во Општина Струга;
- Спортските активности се од круцијална важност во стремежот да се спречи насилен екстремизам. Инвестициите во спортската инфраструктура на општините претставуваат најдобра алатка за создавање на плодна почва за одржување на повеќе спортски активности во кои би се ангажирала локалната младина. Поради тоа, потребно е да се издвојат повеќе средства за спортска сала, базен и други слични спортски објекти каде младите би спортувале.
- Верските заедници во општината мора активно да се ангажираат во превентивниот процес преку промовирање на позитивни вредности, во согласност со утврденото верско учење.
- Од најголема важност и потреба е да се обнови позитивниот пример од минатото, кога Македонската православна црква (МПЦ) и Исламската верска заедница (ИВЗ) активно ја земале улогата на медијатори меѓу локалното население преку промовирање на вредности во духот на кохезијата;

- Стејкхолдерите ги прифатија и поддржаа напорите на Исламската верска заедница (ИВЗ) која постојано комуницира со своето членство со цел спречување на насилен екстремизам и радикализација. Во исто време, беше искажана загриженост поради тоа што Министерството за внатрешни работи не презема доволно активности и не спроведува истрага по поднесената пријава од страна на Исламската верска заедница за радикалното однесување на одредени лица;

- Часовите по Историја на религии и Етика во религиите се од исклучително значење за децата во нивната рана возраст, односно тие се важни за градење на клима на соживот и разбирање помеѓу младите генерации. Поради таа причина, часовите по овој предмет треба да ги предаваат теолози, кои го имаат потребното искуство и знаење за правилно да го пренесат моралното учење за религиите;

- Институциите за основно образование не се доволно ангажирани во процесите на промовирање на инклузивни и мултикултурни средини за нивните ученици. Тоа создава ефект на прелевање што резултира со затегната атмосфера во средните училишта;

- Улогата на образованието е клучна во процесот на спречување на радикализацијата која води кон насилен екстремизам. Важен предуслов за тоа е да се обезбеди постојано зголемување на нивото на знаење и кај учениците и кај наставниците;

- Учесниците го истакнаа позитивниот пример на Исланд, во однос на мешаните патроли, составени од родители и полициски службеници. Покрај тоа, беше истакнато дека најавеното повторно воведување на „маалските полициски службеници - позорникари“ ќе има важна улога во градењето на мирна и кохезивна локална заедница.

## ТРКАЛЕЗНА МАСА ОРГАНИЗИРАНА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО (19 ноември 2018 година)

Според учесниците на работилницата, поради неуспешното справување со меѓуетничките конфликти во Општина Тетово ризикот од насилен екстремизам таму е зголемен, па како резултат на тоа, носењето на мерки за спротивставување на насилниот екстремизам во Општина Тетово е задоцнето. Освен тоа, оценето е и дека односите помеѓу заедниците се кревки. Во рамки на дискусијата беа идентификувани следните главни фактори што можат да влијаат во одредена средина да дојде до прифаќање на радикални идеи кои можат да доведат до насилен екстремизам:

- Верска нетолеранција кон луѓето што припаѓаат на друга вера. - На дискусијата се покажа дека луѓето од Општина Тетово имаат потреба да ја сакаат и негуваат нивната вера, но тие, исто така, треба и да научат како да ги почитуваат верските слободи и верските избори на другите.
- Сегрегација во училиштата. - Оваа состојба придонесува за поделби помеѓу заедниците и немањето можности за меѓусебна интеракција, односно контакт, нè лишува од можноста да се сретнеме и запознаеме со другиот. Практиката на дијалог помеѓу заедниците недостасува, освен кога такво нешто е охрабрено со проекти финансирани од странство.
- Поделби во рамки на заедницата. - Пример за овој тренд што се повторува и за кој дискутираа учесниците на работилницата беа поделбите во затворите помеѓу групите што практикуваат ислам или слично помеѓу спортските навивачи на локалните фудбалски тимови.

### Институционални механизми за соработка во заедницата:

Тетовскиот Локален совет за превенција (ЛСП) беше оценет како нефункционален, главно, поради фактот што инволвираните институции се плашат да се ангажираат во него од причина што нивните активности можеби би се преклопувале со неговите активности; воспоставувањето на протоколи за комуникација би било од корист за подобрување на функционалноста, а, од друга страна, ефикасноста би зависела од континуитетот и прометот (назначувањата/разрешувањата) на членови на Советот по промената на Владата. За таа цел, важно е општината да ја преземе координацијата со Локалниот совет за превенција со цел таа да може да се спротивстави и да го спречи насилниот екстремизам или пак, таа да може да го замени Локалниот совет за превенција со Локален совет за спротивставување на насилен екстремизам кој ќе претставува децентрализирано тело на Националниот совет.

Учесниците на работилницата разговараа и за други можни механизми што би можеле да бидат корисни за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам (на пример, Младинскиот совет кој сè уште не е во функција и Локалниот совет за

превенција на малолетничка деликвенција што се формира сега). Со цел превенција и градење на отпорна младина во предучилишното и основното образование, учесниците предложија да се формираат најмалку два тима составени од психолози, социолози и педагози, а кои би спровеле програма за обука користејќи игри и улоги на модели, во насока на подобрување на вештините за дијалог и соработка.

Практиката општината да финансира мултикултурни младински активности треба да продолжи при што треба да се обезбеди и поинтензивна поддршка во поглед на таквите нејзини активности. За таа цел, организациите на граѓанското општество кои работат со младината треба да пристапат кон општината и да иницираат активности што ќе придонесат за развивање на интеркомунална соработка и дијалог. Општината треба да размисли за финансирање на воннаставни активности на училиштата со кои би можело да се олесни интеркомуналната интеракција (како што се дебати, натпревари, спортски активности), како и да реализира активности со кои би се поттикнало стекнување на вештини како што се критичкото размислување, решавање на конфликти и развивање на култура на дијалог.

## Граѓанското општество и споделување на најдобри практики

Најважниот заклучок од дискусијата беше тоа дека институциите не треба да ги префрлаат одговорностите за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам од една на друга институција. Треба да се примени сеопфатен општествен пристап таму каде што треба да се споделат одговорностите помеѓу сите стејкхолдери во заедницата.

Граѓанското општество и медиумите имаат клучна улога во процесот на справување со говорот на омраза, конфликтите и непријателствата, како и во процесот на спречување поединци да прифатат радикални идеи што би можеле да доведат до насилен екстремизам. За таа цел, треба да се размисли во насока на спроведување на медиумски и/или финансиски активности што ќе придонесат за развој на материјали и содржини со кои граѓаните ќе се информираат за процесите на радикализација. Исто така, потребна е и обука за медиумите за тие да не станат фактор на поттикнување на насилен екстремизам.

Организациите на граѓанското општество се зависни од финансиите на меѓународните организации бидејќи општината не обезбедува доволно средства за нивните активности. Уште поважно, бидејќи сè уште не се достапни средства за спроведување на активности од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, Владата на централно ниво, преку единиците на локалната самоуправа, треба да обезбеди средства за спроведување на такви превентивни активности против радикализацијата. Работата со фудбалските клубови и нивните навивачки групи треба да се смета за приоритет. За таа цел, треба да се искористи авторитетот на менаџерите на клубовите за да се спречи употребата на говор на омраза кон другите

етнички групи, имајќи предвид дека тимовите се етнички мешани, навивањето на етничка основа може да влијае на перформансите на членовите на тимот. Ваквите напори можат да доведат до спречување на поларизација и сегрегација на заедниците.

Со цел спречување на радикализација, учесниците на работилницата забележаа дека активирањето на месните заедници од страна на општината претставува клучна работа што треба да се стори. Преку нив заедницата може да се ангажира во рана превенција на појавите на радикализација. Сепак, месните заедници треба да се поддржат со тоа што на нив би им се обезбедиле препорачливи пристапи и методологија со цел тие да можат да ја мобилизираат заедницата. Во партнерство со граѓанското општество, институции и меѓународни организации, месните заедници активно треба да се вклучат во подигањето на свеста за критичкото размислување, медиумската писменост и целокупното промовирање на демократската култура.

## Зајакнување на довербата помеѓу локалните заедници и полицијата

Претставниците на различни институции, коишто земаа учество во работилницата, потврдија дека тие работат и тесно соработуваат со полицијата. Сепак, тие заклучија дека полицијата не е многу ефикасна во својата работа. Имено, поради тоа што полицијата може само да ги приведе, но не и да ги затвори или да ги задржи криминалците подалеку од улиците, довербата на граѓаните во работата на полицијата е мала. Ефективноста на полицијата може да се подобри доколку се спроведат одредени промени или реорганизација на процедурите, како што се воведување на анонимно регистрирање и зајакнување на механизмите на внатрешната контрола. Довербата во работата на полицијата ќе се подобри ако полицијата спроведува повеќе образовни и превентивни активности (вклучително и активности од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам), како што е случајот со безбедноста во сообраќајот.

Учесниците на работилницата забележаа дека полицијата не располага ниту со капацитет ниту со процедури за спроведување на активности од доменот на јавното образование, односно зајакнувањето на свеста за опасностите од радикализација и насилен екстремизам. Тоа што недостасува во моментот на ниво на заедница е платформа во која би можела да се вклучи полицијата. Уште поважно, полицијата треба да стане поактивна на ниво на заедница, да се запознае со потребите на граѓаните и да може да одговори на истите, придонесувајќи така за побезбедни локални заедници. Истовремено, беше оценето дека полицијата не е подготвена и не располага со програми за реинтеграција и ресоцијализација на насилни екстремисти или странски борци - повратници. Тоа може да предизвика дополнителни ризици во однос на разбирањето на појавите на радикализација, во

случај заедницата да не е соодветно подготвена. Поради тоа, беше препорачано дека полицијата треба да биде поприсутна во заедницата. Полициското работење во соработка со заедницата се смета како фактор што придонесува за зајакнување на довербата кај заедницата во полицијата, но само доколку таквиот начин на работа е ефикасен за создавање на побезбедни соседства.

## Соработка со верски заедници, родители и организации на жени

Верските заедници треба да бидат вклучени во активности што се темелат на заедницата, но и во активности во затворите и училиштата бидејќи тие се важни за ресоцијализацијата. Работата со семејствата е клучна за да може да се развие култура на разбирање и меѓуетничка соработка, при што треба да се игра активна улога во креирање на наративи што нудат умерено толкување на религијата со што би се спречило ширење на радикална идеологија. Верските службеници со нивната стручност и углед имаат клучна улога и можат да имаат значајно влијание врз населението тоа да ги избегнува алтернативните верски толкувања и да го следат толерантното религиско учење во црквите, џамиите и другите места на богослужба.

Претставниците на најголемите верски заедници се согласија и го прифатија предлогот да им се дозволи на свештениците и имамите да можат да влегуваат во затвори со цел тие таму да можат правилно да ги вршат верските служби. Тие предложија полиберален пристап кон секуларизмот на државата каде верските лидери можат поактивно да работат со семејствата и децата, особено со учениците во училиштата со цел да понудат многу од потребната поддршка, но и да обезбедат одговори и објаснувања како одговор на радикализацијата. За таа цел, исто така, беше побарано политичките лидери и другите службеници да покажат чувствителност на јавната употреба на верски симболи, особено поради мултикултурниот и мултиконфесионалниот карактер на македонското општество.

Родителските совети не се многу активни и работата со нив треба да се интензивира, особено поради фактот што ниту заедниците, ниту семејствата не се свесни за тоа колку преовладува ваквиот проблем/феномен, односно радикализација која може да доведе до насилен екстремизам. Превентивната мисија на Националниот комитет може да се постигне само преку препознавање на важната улога што семејствата ја имаат во раното предупредување и превенцијата, како и преку поттикнување на граѓанските организации тесно да соработуваат со родителите за овој проблем.

Организациите на жените во Општина Тетово дејствуваат како медијатори помеѓу институциите и жртвите, односно другите членови во заедницата. Тоа се докажа на полето на домашното насилство каде организациите на граѓанското општество, во координација со други организации, се вклучија во родова платформа, при што се залагаат за заштита на правата на жртвите пред институциите. Бидејќи од ваквите искуства можат да се научат релевантни лекции за спречување на насилен

екстремизам, капацитетите со кои располага граѓанското општество, особено оние со кои се даваат услуги на жртвите на (родово) насилство, треба да се искористат како ресурс.

## Улогата на образованието

Образованието служи како инструмент за спречување на радикализацијата бидејќи тоа има централна улога во системот за спречување на насилен екстремизам и обезбедува вештини за градење отпорност против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Во Општина Тетово, некои активности што веќе се спроведуваат во училиштата се релевантни и компатибилни со активностите што се преземаат од областа на спречување на радикализација која може да доведе до насилен екстремизам.  Тоа се проектот на ОБСЕ - Безбедни училишта, проектот за меѓуетничка соработка на Нансен, проектот на ОБСЕ - Градиме мостови и новиот проект со кој ќе се олесни соработката со родителите. Ваквите активности треба да бидат меѓусебно поврзани со цел наставниците да бидат свесни дека вештините стекнати преку различни проекти се релевантни и корисни за спречување на радикализацијата.

Радикализацијата се спречува преку примена на алатки против дискриминација и ексклузија на младите, со оглед на тоа дека младите се подложни на најголем ризик од прифаќање и усвојување на радикални идеи.  Поради тоа, општината планира да ја вклучи и младината во донесувањето на одлуки во училиштата и на ниво на заедница, со цел да се почувствува дека и таа е вклучена во општеството. За таа цел, се организираат обуки за носење одлуки во училиштата, учениците избираат свои претставници во здруженијата на ученици и се спроведуваат нивните иницијативи (како што се активности за слободно време, организирање на спортски настани и сл.). Младинскиот совет на општината сè уште не е оперативен, но откако ќе се активира, младите треба да бидат вклучени во важните процеси на носење одлуки на ниво на општината. Општината треба да вложи дополнителни напори за да осигури дека во училишните тела на учениците и општинскиот Младински совет има назначено претставници, односно да ги дисеменира одлуките што се носат помеѓу младите кои учествуваат во таквите тела и совет.

За оваа таргетирана група - младината - учесниците на тркалезната маса сметаа дека интернетот сè уште претставува предизвик.  Училиштата ги блокираат онлајн страниците, но ним им недостасува програма за онлајн безбедност или политика за е-безбедност што ќе обезбедува совети за тоа како децата треба критички да ја оценуваат содржината што произлегува од интернетот, како и за тоа на кој начин тие можат да создаваат отпор против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Покрај тоа, во Општина Тетово сè уште не се започнати активности во насока на зајакнување на свеста и заедничкото работење со родителите за следење на онлајн активностите на нивните деца. Севкупно,

учесниците заклучија дека има огромна потреба од работење со семејствата за подобрување на критичкото размислување на нивните деца.

Во принцип, критичкото размислување се развива во училницата преку образовната содржина и со користење на различни педагошки методи. Покрај тоа, учесниците ги идентификуваа воннаставните активности како влезна точка за примена на поголем број активности на критичко размислување. Сепак, поради преоптовареност со наставни активности, речиси ниту едно училиште не реализира воннаставни активности. Треба да се истражат можностите со кои општината би можела да поттикне реализација на воннаставни активности. Можните опции за ова вклучуваат обезбедување на средства за активности и целокупна реформа на системот што ги опфаќа воннаставните активности.

На крајот, учесниците разговараа за улогата на дадените педагошки и психолошки услуги кај учениците. Педагошко-психолошката стручна служба се смета како важна алка во системот за спречување на радикализација бидејќи кадрите на оваа служба можат да работат секојдневно (преку индивидуални разговори или преку програми за групна терапија) со ученици кои се подложни на висок ризик од прифаќање на радикални идеи. Од суштинско значење е училишните работници кои во нивната работа остваруваат директен контакт со нивните клиенти - ученици континуирано да работат со асоцијални ученици, со оние кои биле проблематични за време на часовите и со оние коишто доаѓаат од дисфункционални семејства. Воспоставувањето на систем кој редовно ќе го следи и ќе известува за нивниот напредок претставува предуслов за воспоставување на новиот систем за превенција на општинско ниво. Иако беше признаено дека нивната улога е многу важна за време на училишните часови, учесниците, исто така, забележаа дека целокупното влијание на педагошките и психолошките услуги што се даваат во училиштата е ограничено поради недостаток на такви услуги за поддршка после часовите. Таков е случајот особено во Општина Тетово од причина што во општината недостасуваат терапевтски заедници и други видови групи што даваат психосоцијална поддршка.

## Препораки

1. Потребно е општината да го утврди изворот на меѓуетничка омраза и поттикнување на насилство, како и да планира и спроведува активности што спречуваат ширење на меѓуетничка омраза и поттикнување на насилство;

2. Локалните совети за превенција се законска обврска и Општина Тетово треба да ги заживее, но, таа не располага со финансиски средства за да ги активира таквите совети. Проблемите со преклопувачките одговорности и финансирањето треба да се надминат во соработка со централната власт;

3. Во поглед на веќе постојната сегрегација, охрабрувањето учениците да се социјализираат, соработуваат и разменуваат идеи надвор од етничките

бариери, почнувајќи од градинките па одејќи преку основните и средните училишта, треба да биде приоритет број еден на општината, со цел да се овозможи контакт со „другите“ во заедницата;

4. Мора да се воспостави континуирано следење и мапирање на ризичното однесување во училиштата, а предуслов за тоа е подигањето на свеста и овозможувањето на обуки за наставници, психолози и педагози за тоа како да се забележи и спречи радикализацијата;

5. Општината има потреба од систем за да може да одговори на насилниот екстремизам. За да се одговори поефективно, овој систем треба да се состои од координативно тело со претставници на сите институции на локално ниво и треба да содржи одреден модел на комуникација преку кој институциите ќе комуницираат меѓусебно;

6. Верските лидери имаат водечка улога во процесот на промовирање на интеграција, соработка и ненасилство во Општина Тетово. Поради тоа, тие треба активно да бидат вклучени во процесите на спротивставување на радикализацијата која може да доведе до насилен екстремизам.

**Мисија на ОБСЕ во Скопје | osce.org/skopje**
**Булевар 8-ми септември, бр. 16,**
**МК-1000 Скопје**

**www.osce.org/mission-to-skopje**

**Follow OSCE**

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**